**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и триесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, исто така и претставниците на Владата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 130-тата седница на Собранието на Република Македонија, посветена на пратенички прашања.

Пратениците: Гзим Острени, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски Петар Наумовски, Сашко Кедев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Абдуладиы Вејсели, и Ванчо Стаменкмов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членоивите на Владата на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, претседателот на државната Комисија за спречување на корупција.

Владата на Република Македонија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Аднан Ќахил.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Емилија Костадинова и Јордан Михајловски.

Министерот за образование и наука достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ацо Спасевски.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Петар Апостолов, Славе Арсовски и Лилјана Ивановска.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ангел Димитров и Аднан Јашари.

Јавниот обвинител на Република Македонија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Каме Петров.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ружди Матоши, Исмет Рамадани, Џевдет Насуфи, Михајло Георгиевски и Спиро Мавровски.

Министерот за труд и социјална политика достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Силвана Бонева и Благоја Гешовски.

Министерот за економија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Цветле Јаневска. Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Илјаз Халими.

Министерот за животна средина и просторно планирање достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Аднан Ќахил.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Илија Србиновски, Лилјана Ивановска, Сашо докчев и Силвана Бонева.

Го молам пратеникот Аднан Ќахил да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање?

Господинот Аднан Ќахил не е присутен.

Го молам пратеникот Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Благодарам почитуван господине претседателе, јас се заблагодарувам на Министерството за правда за брзиот одговор на моето прашање. И исто така и на Основниот суд од Кочани за изцрпниот одговор што е доставен преку Министерството за правда за текот на стечајната постапка на ЗИК "Брегалница"- Виница и се надевам дека оваа година мислам таа ќе биде конечно завршена и затворена. Благодарам.

Немам дополнителено прашање.

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Почитуван претседателе, почитувана потпретседателке на Владата, почитувани министри и претставници на Владата,

Не сум задоволен од добиениот одговор, иако морам да кажам дека министерката многу брзо ми го даде одговорот за што сум целосно благодарен за ажурноста на Министерството и на министерката. Меѓутоа, не сум задоволен од одговорот онака како што е презентиран од Основниот суд Скопје 2 - Скопје.

Затоа имам и дополнително прашање.

Моето прашање се однесуваше за стечајот во Рудници и железарница - огноотпорно. Не сум задоволен од одговорот бидејќи кога го презентирав на доверителите, тие ме замолија и понатаму во името на група пратеници што го поставивме прашањето да поставам дополнително прашање. Од нив добив документи кои ќе ги доставам и кои ме побудија за ова прашање. Како е можно Судот или поконкретно судијата Магдалена Бајалска - Ѓеорѓиевска, бидејќи верувам дека претседателот на Основниот суд Скопје 2 - Скопје, ја дал информацијата врз основа на податоците од судијата покрај другите да не доведуваат во заблуда и нас како пратеници. Уште повеќе по

бројните обраќања до институциите единствено Врховниот суд извршил увид и ја констатирал стварната состојба и писмено му укажал на Судот дека согласно законот треба со одлука да се произнесе по барањето и постапката која трае долго повеќе од десет години за кое вие почитуван претседателе рековте дека го надминал лимитот и на мала матура и понатаму трае.

И на крајот најчудно е зошто судот инсистира да го продава имотот проценет на 65, 17% од побарувњата на доверителите кога доверителите го прифаќаат, а Одборот на доверители донел одлуки. Затоа ја молам министерката да изврши увид во предметот, да се провери веродостојноста на документите дури 18 што ќе ги доставам денеска, а ги доставуваат доверителите. И доколку не се вистинити да се преземат мерки против фалсификаторите, или ако се вистинити да се утврди зошто судијата ги доведува во заблуда институциите на системот и го руши угледот на нашето судство. Значи, ја молам, министерката да ги прими овие 18 документи како прилог денеска и ќе чекам конкретен одговор на тоа што понатаму ќе се преземе.

**Љупчо Јордановски:** Дали имате дополнително прашање?

**Јордан Михајловски:** Дополнително прашање да ми се даде одговор по однос на материјалните докази што ќе ги приложам во име на доверителите.

**Љупчо Јордановски:** Писмено.

Го молам пратеникот Ацо Спасевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ацо Спасевски:

**Ацо Спасевски:** Благодарам претседателе.

Дали сум задоволен не можам во целост да кажам, бидејќи од одговорот сум и задоволен и незадоволен. Но, бидејќи ситуацијата во нашата земја е таква и не можам да барам повеќе. Така што немам дополнителни прашања.

**Љупчо Јордановски:** Го молам пратеникот Петар Апостолов да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнителни прашања.

Има едно мало потсетување овде во сценариото е напишано. Прво, одговорот на првото прашање се однесува на реконсрукција на регионалниот пат с. Прдејци - с.Смоквица.

Второ, одговорот на второто прашање се однесува на осветлување на делницата на автопатот од Гевгелија до границата.

Има збор пратеникот Петар Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодрам претседателе.

Да нема недоразбирања, јас поставив три прашања. Добив официјално одговор на трите прашања. Но, во едниот одговор фактички се двете прашања одговорени. Затоа да нема недоразбирање.

Прво, во делот како што вие рековте патот с.Прдејци - с. Смоквица, од одговорот не можам да бидам задоволен бидејќи се работи за регионален пат кој е неасфалтиран, кој е во една состојба да кажам не за сообраќај, не за нормално одвивање на сообраќајот. Јас ќе почнам со она што значи одговор. За мене малку е несериозен одговор цитирам: "Кога ќе се земат во предвид сите вложени финансиски средства за регионалниот пат Работодавачот-103, корисниците на оваа делница треба да бидат задоволни со се направеното и панормата бидејќи други финансиски средства нема. Од ова произлегува дека граѓаните на населеното место Прдејци треба да бидат задоволни од тоа што покрај нив поминува магистралниот, односно автопатот Е-75, а тие пред тоа излегуваа на овој пат, сега мора да одат во правец на Скопје на макадамски пат. Бидејќи одговорот за мене малку е ироничен, не би сакал во таков стил да поставувам дополнително прашање. Во однос на она што значи одговор на пратеничко прашање за кое немам посебно добиено одговор, но се содржи во истиот одговор, а се однесуваше за квалитетот на самата лента на автопатот, односно новоизградената Делница Гевгелија-Смоквица. Еден дел од тој автопат остана неасвалтиран односно остана стариот асфалт. Тој пат е толку многу оштетен што веќе се загрозува сообраќајот. Дека тоа е навистина така ќе посочам дека кога ќе тргнеме од Гевгелилја за Скопје одиме со ограничена брзина од 120 километри на час, тоа е со знак поставено. На преминот меѓу новиот асфалт и стариот имаме ограничување на брзината од 80 км., а после десет метри имаме ставање на нов сообраќаен знак, знак за испакнување и дупки на пат кој што е пуштен во сообраќај само пред два до три месеца.

Дополнителното прашање гласи, дали во договорот со Европската банка за обнова и развој е предвидено целосно асфалтирање на Делницата Смоквица - Гевгелија како дел од афтопатот Е-75, или беше предвидено најоштетените делови да останат со стариот асвалт. Само ќе напомнам дека не е табу тема договорот со Европска банка за обнова и развој.

**Љупчо Јордановски:** Господине Апостолов, по првото прашање вашите три минути поминаа.

**Петар Апостолов:** Јас поминав господине претседателе по второто прашање. Немам дополнително прашање за првиот одговор.

**Љупчо Јордановски:** Па како, кога рековте дополнителното прашање гласи, дали од Големоевропската банка. . .

**Петар Апостолов:** Тоа е веќе одговор на второто прашање.

За првото прашање да повторам.

**Љупчо Јордановски:** Другите три минути за вашето второ прашање.

**Петар Апостолов:** Само да потсетам дека не е табу тема договорот со Европската банка за обнова и развој. Само ќе го потсетам министерот, односно заменик министерот дека не беше предвидено ни да се прави надпатник кај селото Прдејци, но после разговорот со советникот од Европската банка за обнова и развој кој разговор се одржа во селото Прдејци заедно со луѓето од Фондот за магистрални и регионални патишта, градоначалникот, месната заедница и јас како пратеник и беше договорено, бидејќи луѓето излегоа на лице место дека мора да се направи надпатник бидејќи и тој е дел од регионалниот пат Р-103 и надпатникот беше направен. Значи, не е табу тема нешто да се менува. Мислам дека јас веќе поставив дополнително прашање. Ако има потреба ќе го повторам прашањето, бидејќи малку се уфрливте, а не следевте на тоа што значи второ прашање, одноно втор одговор.

Дополнителното прашање гласи: Дали во договорот со Европската банка за обнова и развој е предвидено целосно асфалтирање на Делницата Смоквица-Гевгелија како дел од автопатот Е-75, или беше предвидено најоштетените делови да останат со стариот асфалт?

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Пратеникот бидејќи постави дополнително прашање, дополнително ќе добие и одговор во писмена форма.

**Љупчо Јордановски:** Ќе добиете писмен оговор.

Повелете господине Апостолов третото прашање.

**Петар Апостолов:** Третото прашање се однесуваше на отцепување на Делницата на автопатот од граница спрема Грција до Гевгелија. Во секоја сериозна држава па и Македонија сигурно дека ја сметаме за сериозна држава, бидејќи се стремиме кон Европска унија и НАТО интеграциите, како доказ за сериозноста е и нашиот кандидатски статус. Но, дел од автопатот, односно од граничниот премин до Гевгелија е неосветлен, а сметам дека треба да биде осветлен, бидејќи во сите сериозни држави од границата спрема внатрешноста се осветлува тој дел од патот. Тоа е практично и почетниот имиџ на една држава и е многу важен за прв впечаток на оној странец што ќе влезе во нашата држава посебно ноќе. Ова прашање кое воедно е и иницијатива од самиот терен, бидејќи сакам да напомнам дека во овој дел од Гевгелиска општина последните две години веќе се инвестираше некаде околу 30 милиони евра, а од оваа година ќе почне нова инвестиција од над 40 милиони евра, не само Министерството за транспорт и врски, туку треба и Владата малку посериозно да размислува за овој дел, бидејќи ако веќе планираме инвестиција некаде околу 100 милиони евра, тогаш треба на овие луѓе да им дадеме и инфраструктура, а тоа значи паралелен пат и правење надпатник.Но,прашањето се однесуваше за електрификацијата на овој дел. И затоа дополнително прашање е, дали сте запознати колку финансиски средства се потребни за осветлување на оваа посочена делница?

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Фондот за патишта ќе го заврши осветлувањето, електрифинација на таа делница на кај граница со Република Грција.А конкретно за средствата доколку сака пратеникот може да добие одговор во писмена форма.

**Љупчо Јордановски:** Господине Апостолов ако не сте задоволни и од овој одговор, поставете друго прашање во текот на седницата. Деловнички е така.

Го молам пратеникот Славе Арсовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

**Славе Арсовски:** Задоволен сум од одговорот, бидејќи тоа што се презентира и јас го знам дека на тој патен правец дека се пополнуваат дупките кои што се ископуваа.

Но, би поставил дополнително прашање, бидејќи одговорот е даден пред да се донесе програмата на Фондот за магистрални и регионални патишта за 2006 година, дали во таа програма за оваа година се предвидува на тој патен правец од Гостивар спрема Србиново на регионалниот пат некои поголеми зафати во смисла на проширување на истиот пат и истиот да се асфалтира. Тоа би било дополнителното прашање.

**Дејан Кошутиќ:** Значи, би можеле и во писмена форма да одговориме. Меѓутоа, годишната програма за 2006 година е излезена во Службен весник на Република Македонија бр.31 од 15.03. каде што се инвестиции со сопствени средства дадени таксативно.

**Љупчо Јордановски:** Тоа значи да читаме Службен весник.

Го молам пратеникот Лилјана Ивановска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Овој писмен одговор на пратеничкото прашање повеќе беше потребен заради македонската јавност изнесување во јавноста дека екс министерот за финансии Никола Груевски не потпишал никаков договор во врска со Телеком. Во писмениот одговор доставен од Министерството за транспорт и врски договорот за купување на акции го потпишал господинот Никола Груевски, како бивш министер за финансии. Акционерскиот договор го потпишал исто така господинот Никола Груевски. Договорот за концесија го потпишал екс министерот за

транспорт и врски Љупчо Балковски, а договорот за услуги го потпишал извршниот директор на АД Македонски Телекомуникации господинот Ден Дончев.

Благодарам на Министерстовото што тоа го достави во писмена форма, заради информирање на македонската јавност, кој ги потпишал сите договори во врска со приватата монополска позиција на АД Македонски телекомуникации.

Мене не ми е потребен дополнителен одговор на прашањето, можеби пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе постави дополнително прашање за овој пратенички одгоров. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Инаку, за јавноста сите одговори се на нашата ВЕП страница, така што и таму можете да ги прочитате сите одговори на Владата.

Нема дополнително прашање и одиме на следното прашање.

До пратеникот Ангел Димитров, кој што го молам да се произнесе дали е задоволен од одговврот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ангел Димитров.

**Ангел Димитров:** Благодарам претседателе.

Моето прашање беше само обид да се посвети доволно внимание од Управата за јавни приходи на оваа обаст, а од добиениот одговор од Министерстото за финансии само се потврдува дека навистина изградбата на станбени и деловни објекти за понатамошна продажба од физички лица е огромна база за сива економија и огромна даночна евазија. Тоа се гледа и од одговорот на Министерството, каде само во една контрола и тоа само во една дирекција во Скопје е утврдено не пресметан ДДВ во износ од 4 милиони и 424 илјади денари. Додека во Битола, Прилеп, Тетово, Струмица и Штип досега не е извршена ниедна таква контрола. Јас се надевам дека и прашањето ќе предизвика посебно внимание кај Управата за јавни приходи за ваквите да се преземат соодветни мерки против ваквите прекршувачи на законот и затоа немам дополнително прашање.

**Љупчо Јордановски:** Пратеникот Аднан Јашари не е присутен и ќе го рипнеме неговото прашање и одговор.

Го молам пратеникот Каме Петров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Јавниот обвинител на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Заменикот е присутен тука, значи имате можност да поставите и дополнително прашање.

Има збор пратеникот Каме Петров.

**Каме Петров:** Почитуван господине претседателе, почитуван господине премиер, членови на Владата и носители на други јавни функции.

Меѓу двете седници на Собранието на Република Македонија поставив едно пратеничко прашање што се однесуваше на бројни кривични пријави и основани сомневања за извршени кривични дела од страна на поединци и раководители на АД Киро Чучук во Велес. Прашањето беше упатено до јавниот обвинител на Република Македонија господинот Александар Прчевски.

Одговорот што го добив е над 40-тина страници во кој на продлабочен начин ги опфаќа сите превземени дејствија од страна на обвинителстовото во Скопје и во Велес. Според тоа, начинот и квалитетот на одговорот упатува на заклучокот дека во овој државен орган има солиден кадровски потенцијал за извршување на неговата функција согласно законот. Меѓутоа, во одговорот има сепак неколку празни линии, значи неколку предмети кои не се опфатени и по нив не е даден одговор. Затоа, јас имам дополнително прашање кое ќе го упатам писмено. Ќе го проследам писмено до обвинителството,се разбира преку претседателот на Собранието на Република Македонија од две причини. Прво, бидејќи прашањето би ми одзело над 15 минути, а јас еве веќе ги трошам своите три минути согласно Деловникот. Второ, поради фактот што во прашањето ќе бидат содржани предметите по бројот на нивното водење во обвинителството односно во судовите на кои денес претставникот на обвинителството и без тоа смета дека не ќе биде во состојба да ги одговори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Ружди Матоши не е присутен тука и негово дополнително прашање нема да биде поставено.

Тука е господинот Исмет Рамадани и затоа го прашувам да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерото за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Збро има пратеникот Исмет Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Почитуван претседателе, во одговорот што го добив во врска со ненаоѓањето или загубата на Ракип Беќа добив еден одгоров кој сосема е погрешен одговор и се говори за сосема друго лице. Сега, не ми е јасно сигурно или кога го поставив прашањето е направена грешка во преводот или јас колку што треба и како што треба не сум го нагласил името и презимето на изгубеното лице и сега сум принуден уште еднаш ова прашање да го поставам, но давајќи една фотокопија на пасошот на изгубеното лице, значи на Баќи Беќа, а јас сум добил одговор за Ракип Беќа. За него во одговорот се вели дека ова лице не постои во ниту една евиденција на Министерство за внатрешни работи односно во полициските станици. И, сега, не знам како да направам, освен тоа на министерото за внатрешни работи да му поднесам една копија од пасошот на изгубеното лице, за да добиеме соодветен одговор за лицето за кое и го поставив прашањето.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Сака да даде коментар министерот за внатрешни работи.

Имате три минути господине министре.

**Љубомир Михајловски - Ѓанго:** Бидејќи, евиденциите за исчезнати лица се водат строго за лица со одредени податоци, точни податоци, можеби се работи за недоразбирање и грешка, би го замолил господинот пратеник ако може сега веднаш да ми ги даде, за да не праќа писмено и да не губиме време. Денес ако ги добијам пак ќе му одговориме веднаш.

**Љупчо Јордановски:** Еве господинот Рамадани веќе доаѓа до вас да ви ги даде документите. Благодарам.

Господинот Џевдет Насуфи не е присутен.

Го молам пратеникот Михајло Ѓеорѓиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорт добиен од министерот за внарешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Господине министре за внатрешни работи, молам, до вас е упатено прашањето.

**Михајло Ѓеорѓиевски:** Благодарам претседателе.

Моето прашање беше во врска со заштитата на културното историско наследство. Во одговорот министерот одговара дека е вложен напор и труд за спречување на оваа злоупотреба со културното наследство. До тука сум задоволен од одговорот и се гледа дека нешто е работено. Меѓутоа и понатаму се злоупотребува и се изнесува македонското културно историско наследнство, па во тој дел не сум задоволен.

Значи, треба да се вложат поголеми напори, да се спречи понатамошниот шверц и изнесување на нашето најдрагоцено културно наследство.

Во тој контекст имам и едно дополнително прашање. Директорот на заводот за заштита на спомениците на културата Јово Ристевски изјави во печатот дека при шверцот т.е. при злоупотребата на културното наследство учествувале и членови од Министерство за внатрешни работи.

Сакам да прашам дали е тоа точно и доколку е тоа точно дали се работи на тоа да се спречи таквата ептен лошата положба во врска со културното наследство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре имате збор.

**Љубомир Михајловски - Ѓанго:** Во одговорот на пратеничкото прашање, првото што е, освен денешното, дали ни се резултатите од Министерство за внатрешни работи, фер би било да ги прочитаме, за да знаат се што Министерство за внатрешни работи имало активности и се што спасило од кражби. Тоа се илјада метални бронзени монети, два пакети македонски бронзи, 100 бронзени фрагменти, над 40 бронзени фигури, керамички предмети, фрагменит од керамички садови, 7 мермерни и над 300 метални, бакарни и глинени вазни, статуи, накити итн. Огромна работа, добри резултати. Значи, овие работи, овие архивски материјали, културни материјали не ги чува само Министерство за внатрешни работи. Министерство за внатрешни работи превзема мерки за сторени кривични дела, меѓутоа други институции вршат превентивна улога за да дојде до кражби, за да се спречат кражби.

По однос на второто прашање дали припадници на Министерство за внатрешни работи се внешани еднаш кажав и сега повторувам дека тоа е чиста шпекулација, такви изјави се неосновани и нема никаков доказ односно нема никаков основ да се сомневаме дека припадниците на Министерство за внатрешни работи учествувале во некакви кражби на овие ископини, итн. Ова го демантиравме и преку средствата за јавни медиуми и мислам дека ако точно го имате податокот, би требало и директорот на музејот да го прашате, затоа што мислам и неговата изјава е шпекулирана во медиумите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре прашањето беше во однос на личните документи за кој што граѓаните и понатаму ги имаат тие проблеми. Се надевав дека со воведувањето на едношалтерскиот систем ќе стигнеме до една нова ситуација, во која што оние граѓани кои што живеат во едно место на живеење, а се родени во некој друг град, имаат навистина проблеми во остварување на своите права. Значи, се случува по две до три недели за еден единствен документ кој што во овој момент е неопходен лицето неколку пати да доаѓа во таа општина каде што е роден и едноставно не може да го оствари своето право. Претпоставував дека со воведувањето на едношалтерскиот систем, дека дел од ова Министерство за внатрешни работи ќе го превземе и на тој начин ќе можеме да постигнеме многу побрзо да се остватуваат правата на граѓаните на територијата на Република Македонија. Се надевам дека ова многу скоро ќе го прифати Министерство за внатрешни работи и ќе имаме резултати. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Претседателе, дополнително ќе се изјаснам, бидејќи туку што ги гледам овие одговори.

**Љупчо Јордановски:** Сега стигнаа или сега вие ги гледате?

**Силвана Бонева:** Сега беа поделени.

**Љупчо Јордановски:** Добро госпоѓо Бонева, вас ќе ве оставиме на крај имате време тоа да го прочитате.

Го молам пратеникот Благоја Гешоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Благоја Гешоски не е тука.

Го молам пратеникот Цветле Јанеска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Збор има госпоѓа Јанеска.

**Цветле Јанеска:** Почитуван претседател, почитуван премиер, почитувани членови на Влада, колеги пратеници.

Најнапред сакам да се заблагодарам на Министерстото за еконимија во чиј ресор е обласрта енергетика, од кое беше и моето прашање за брзината односно агилноста со која ни е доставен одговорот. Со оглед на пристапноста и аналитичноста на одговорот јас сум задоволна, меѓутоа од самиот одговор гледам дека има простор да поставам дополнително прашање или барање, а тоа се однесува пред се, затоа што во тек е изготвувањето на новиот тарифен систем, во кој што има можности за поеднини потрошувачи да остварат бенефит по цената на електричната енергија, дава простор особено овој нов тарифен систем, за разлика од претходниот во кој беа исфрлени. Тоа се бенифите кои се однесуваа по однос на поголеми, помали, деновни и сезонски тарифи, мислам дека оставам простор и по други елементи да можат да остварат бенефити потрошувачите на електрична енергија како што се потрошувачите за стратешки производи или за стратешки дејности односно како што е дејноста заштитата на Охридското езеро.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Илјаз Халими да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Го молам министерот за надворешни работи, да влезе во салата.

Господине Халими имате збор.

**Илјаз Халими:** Ви благодарам господине претседател.

Јас сум делумно задоволен со одговорот што го добив. За жал, цифрата 19,60% застапеност на албанците во дипломатско конзуларните претставништва веќе три години не е променета, што значи од пред доаѓањто на оваа гаринитура на власт, иако сум очекувал да има некакво подобрување или подобра застапеност на албанците. Тука има една табела пред мене каде што се дадени некои податоци што се однесува на општата застапеност на нашите граѓани во дипломатско конзуларните претставништва според нивната етничка припадност. Мене ме интересира рубриката број 4 каде што се работи за конзулите. Тука не е направена разлика меѓу генералните конзули и обичните конзули. Не знам кој е генерален конзул, а кој е обичен конзул. Во рубриката број 3 каде што се спомнува дека има тројца министри советници албанци знам за еден дека е во Берлин и еден во Лондон, меѓутоа не знам третиот во кое претставништво се наоѓа. Јас би сакал само да се прецизира ова и исто времено како дополнително прашање би било ова.

Зошто нема ниту еден албанец во дипломатско конзуларните претставништва во Копенхаген, Мадрид, Москва, Њујорк, Белград, Сараево, Стразбург, Торонто, Хаг, Камбера, Атина, Букуреште, Варшава, Киев и Приштина. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Збор има минстерот за надворешни работи, бидејќи имаше дополнително прашање. Повелете.

**Илинка Митрева:** Значи, оваа табела го покажува пресекот на етничката застапеност во дипломатско конзуларните претставништва и е извлечена од реалитетот на кадровската екипираност на Министерството за надворешни работи. Она што можам да го кажам и како одговор на пратеникот е дека нема подмладување на кадровскиот состав на Минстерствот во изминативе неколку години па во таа насока на конкурси се примени само оние значи, претставници од етиничките заедници кои што одат преку принципот на соодветна и правична застапеност. Но, за да тие наши колеги станат оспособени за испраќање во дипломатски мисии треба сепак да поминат определен степен на образование и квалификација во Министерството за надворешни работи инаку третиот советник на министерот е во Берлин.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Аднан Ќахил не е присутен.

Го молам пратеникот Илија Србиновски да се произнесе, дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Господине Србиновски, повелете.

**Илија Србиновски:** Овде ова прашање од одговорот на моето прашање е школски одговор.

Јас кажав дека ситуацијата во Клиничкиот центар во Битола е навистина тешка и едно потпрашање ќе поставам.

Јас сега едно потпрашање ќе поставам. Ако е така дека е добра состојбата зошто на пример сегашниот директор, кој е избран сега повторно зошто беше во Министерството за внатрешни работи на испиртување за финансиската состојба, затоа што во Клиничкиот центар финансиската состојба е тешка.

Значи, дополнителното прашање е зошто сегашниот директор беше на испитување во Министерството за внатрешни работи ако е добра состојбата во Клиничкиот центар.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи има дополнително прашање има збор министерот за здравство.

Повелете господине Димов.

**Владимир Димов:** Благодарам претседтеле,

Најпрво би сакал да кажам дека прашањата кои што беа поставени се децидно одговорени, а тие беа за парниот котел, кој само 4 дена бил надвор од функција заради голем дефект, кој што е отстранет;

Потоа беше поставено прашањето за транспортниот лифт, за кој е објаснета постапката како е направен и што е направено, како и за

Централната стерализација.

Тоа беа прашањата што беа поставени и на кои беше одговорено.

Најпрво би сакал да кажам дека сеуште не е поставен директорот, да не се прејудицира таква одлука, бидејќи тоа не е точно.

Второ, повикување на граѓанин на разговор на никого не му дава за право да обвини човек без за таа работа да биде покренат таков акт. Мислам дека тоа го регулира законот многу добро и јас навистина немам никакво право, ни како министер, ни како граѓанин да коментирам таква работа дека бил повикан, бидејќи можат да бидат повикани многу граѓани, што не значи дека ќе заврши со кривична пријава, па дури ни тоа ништо не значи до изрекување на правосилна пресуда. Не би сакал да го шпекулирам, бидејќи физичкиот интегритет треба да биде заштитен на секој граѓанин.

Во поглед на состојбиате во Битола, мислам дека неговото повикување нема врска со состојбата во која се наоѓа Клиничкиот центар во Битола. Состојбите се такви какви што се, тие не се ниту од денеска, ниту од вчера, меѓутоа факт е дека се чини се тие да бидат подобри. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Лилјана Ивановска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство, или има дополнително прашање.

Повелете госпоѓо Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитуван министер.

После долго време за прашањето кое што речиси цел мандат во овој пратенички состав го поставувам за изградбата на кракот на болницата во Струмица, кој што беше дел од проектите од продажбата на Телеком.

Во делот на одговорноста во водењето на овој школски пример на неодговорно водење на една голема инвестиција, во делот на финансиите одговорните лица, меѓу кои се спомнати господинот Војо Михајловски и Злате Шулевски од Фондот за здравство, кои што ја воделе инвестицијата во тој период, меѓутоа во делот на техничкото образложение на објектот кој што стручната екипа го водела, ревизијата на фактичката состојба која што ја барам во моето пратеничко прашање во неколку наврати недостасуваат клучни одговори.

Во техничката документација изработена од АДГ "Маврово" не е јасно во каква состојба била продолжена изградбата на кракот на Медицинскиот центар во Струмица. Јас живеам непосредно до болницата и одговорно тврдам дека карабината на Медицинскиот центар беше целосно изградена и во добра состојба, затоа што сум архитект по професија и тврдам дека конструкцијата од армиран бетон, овде пишува во лоша состојба што значи постои одговорност во вршењето на стручниот наод на некои лица кои го изјавиле тоа во вршењето на оваа анализа.

Стои дека заради новите прописи во градбата сите надворешни ѕидови кои веќе биле изградени морале да се срушат. Воопшто не постоеја надворешни ѕидови кои што морале да се срушат.

Значи, за оваа инвестиција е потребна подлабока анализа на одговорноста на инжењерите вклучени во надзорот на изведбата од страна на изведувачот и секако од инжењерите кои што вршеле надзор над овој важен објект, затоа што целата инвестиција, договорот кој стои во одговорот на пратеничкото прашање чинел 116 милиони денари, што е огромна сума на пари. За тие средства од моето речиси 20 годишно искуство во градежништвото знам дека објектот можеше да се заврши во таа фаза, според моите познавања на цените на пазарот во Македонија со клуч на рака.

Објектот е изведен, само фасадните работи и столаријата. За тие пари објектот можеше да се заврши до клуч на рака.

Затоа сметам дека постои уште одговорност во водењето на оваа инвестиција во делот на надзорот и во делот на изведбата. Благодрам.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија_

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Ивановска.

Се извинувам госпоѓо Ивановска, заради тоа што сега се заменивме, дали имате дополнително прашање, или само коментар.

**Лилјана Ивановска:** Бидејќи одговорот на пратеничкото прашање го добив непосредно пред почнување на седницата, и затоа што е огромен одговорот во делот на стручниот одговор на прашањето за извршената анализа од она што успеав да го видам дополнителното прашање би гласело:

Дали Министерството ќе ја продлабочи истрагата во вршењето на неодговорното однесување во делот на изведбата и во делот на надзорот на овој објект и да даде конечно еден реален пресек за тоа што е изведено.

Тврдам дека постои стара техничка документација за карабината што беше изведена од 1984 година за Медицинскиот центар.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за здравство, господинот Владимир Димов.

**Владимир Димов:** И во одговорот на прашањето е посочено дека одговараме во функција на Министерство за здравство, инаку средствата кога

се префрлани се префрлувани преку Фондот дека ние можеме само за барањето што е посочено кон нас, бидејќи анализата сме ја добиле од Фондот за здравствено осигурување како е се изведено да се обратиме на него и на неговиот управен одбор во овој дел да преземат мерки како што бара пратеничката.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Сашо Дохчев..., не е тука.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална полилтика, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Задоволни сте од одговорот, немате дополнително прашање.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Бидејќи одговорот на пратеничкото прашање го добив сега, немав можност да направам некоја посебна анализа, меѓутоа очигледно е дека овде недостасува, прашањето се однесуваше на тоа колку има новоработени во Министерството и севкупно во здравството во Република Македонија. Има дадено некои податоци, меѓутоа отсуствува ваботувањето по договор на дело.

Ќе го молам министерот дополнителен одговор да даде на ова мое прашање - колку вработени има по договор на дело во Министерството за здравство и во здравствените центри низ државата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за здравство.

Повелете господине Димов.

**Владимир Димов:** Како Министерство за здравство одговор можам да дадам во поглед на вработувањата по договор на дело за здравствените институции, а за овој период за кој се интересира пратеничката ќе го доставиме.

Во Министерството за здравство се вработени 29 лица по договор за дело. И тоа вработени се за извршување на неопходни работи, високостручни лица во Дирекцијата за храна, во Бирото за лекови и само две лица се вработени директно во Министерството за здравство.

Инаку, вкупно во овој период вработени се во редовен работен однос, вклучувајќи ги во таа бројка три лица во Министерството за здравство неопходни и кои произлегуваат од законските обврски за извршување на работите во Министерството за здравство.

За тоа е доставуван одговор, во повеќе наврати сме разговарале, бидејќи истото прашање беше поставувано и во средствата за јавно информирање, а за договорите за дело во сите здравствени институции ќе ги добиете.

Сите овие вработувања и потреби се утврдени и на Влада и се дел од заклучоците кои Владата ги има донесено.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Завршивме со делот за прашањата кои беа писмено доставени и за кои меѓу време беше добиен одговор.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

По редоследот што го имаме согласно договорот прв за поставување пратенички прашања е пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитувани министри, почитувани колеги, почитуван претседател,

Првото прашање е до Министерството за надворешни работи или директно до Владата.

Нешто што во овие моменти ја интересира македонската јавност е демаркацијата на граничната линија со Косово, за што јас имам неколку потпрашања за кои мислам дека македонската јавност треба да ја информираме.

Тоа е со кого во овој момент се преговара;

Кога се очекува реализација на овие преговори, дали тоа ќе биде пред регулирање на статусот на покраината Косово и

Јас би ве замолил да дефинираме што е демаркација и што е укинување на границата, затоа што се појавуваат различни тези од коалициони партнери што ја сочинуваат во овој момент Владата на Република Македонија. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува до Министерството за труд и социјална политика.

Последна анкета направена во Велес во однос на текстилните работнички јас имам обврска прашањето да го поставам.

Дојдени се до катастрофални резултати, тоа е многу страшно, јас ќе ви прочитам само дел од тие резултати.

Анонимни во таа анкета биле 77,4% на воздраст од 30 до 50 години 75%, нивниот сопруг невработен, говорам за текстилни работнички, 63,2%; вкупни приходи испод 6.000 денари 73,6%; сменска работа 1-3-2 се 60,4%; работа во викендт и празници повеќе од 10%; вкупен број на работни часови над 40 часа во неделата 98,1%; дали работат повеќе од 8 часа во текот на 24 часа да 98,1%; одмор за време на работа 30 минути 83%; дисциплински казни 94,3%; стимулативни мерки не постојат во 66% случаи; годишен одмор под 10 дена 43,4%; придонеси лични нема 94,3%; за

исхрана 98,1%; за пат 92,4%; дали смее да се работи друга работа која сигурно во овој момент би ја прифатиле 73,6% и последните најиндикативни резултати - дали постои синдикат што ве штити 0%, тоа е трагедија и директните последици од ова.

Од сите овие повеќе од три деца имаат само 0,5% од испитаниците, а нивните семејства со повеќе од 5 луѓе во семејството е 0%.

Сега јас ќе ве запрашам господине заменик министер дали и колку контроли се направени од вашите трудови, пазарни, санитарни инспекциски служби и дали има некој мандатни казни, или евентуално затворање на некоја од фабриките затоа што не се придржуваат до Законот за рабортни односи. Дали ова е сотрено, затоа што нивниот ментален страв и психолошки притосок кој што се прави после доаѓањето на овие инспекции и нивното прашување директно пред газдата на фирмата мислам дека не носи апсолутно никакви резултати.

Значи, вие како Министерство за труд и социјална политика мора да изнајдете начин како овие вработени да бидат заштитени. Ова се виситнските, реалните вредности, затоа што и во оваа анкета повеќе од 77% се анонимни, што значи и на анкета не сакаат да ги дадат своите податоци.

Третото прашање е до министерот за економија, не го гледам но тука е сигурно претседателот на Владата. Имам едно директно прашање, бидејќи јас доаѓам од Битола.

**Слободан Најдовски:** Се извинувам прашањето ви е до Владата или до Министерството за економија.

**Спиро Мавровски:** Бидејќи министерот за економија не го гледам тука, а беше тука, би го поставил до Владата, а потоа може министерот за економија да одговори.

Значи, се говори за ФОД, за Молика, за ФЈОР и за Крушин. Имам неколку прашања и како и секогаш можеби ќе ви изгледа дека во едно прашање има 8 прашања, но верувајте ми сите се поврзани едно со друго.

Основното прашање е зошто и сега токму пред изборите во една забрзана постапка се прават сите овие работи и зошто се случува сега пред изборие.

Останатите прашања на кои очекувам одговор од министерот за економија се да ми каже кој и кога ги префрли сите овие единици во ЕЛЕМ, поранешото Електростопанство на Македонија и како се тие префрлени, затао што пред две недели на нивните печати сеуште стоеше АД ЕСМ.

Дали правно е направена ваква поделба, дали имале чиста ситуација во однос на она што значи простор, територија на која што се наоѓаат овие фирми, колку акции е процената било која од овие фирми и дали таквата процека е направена. Која е најмалата цена? Дали во сето ова влегуваат резервните делови, колку од овие акции ќе бидат за вработените во ФОН, а колку ќе има во ЕЛЕМ, затоа што зо Законот за преобразба која што тука го гласавме многу јасно и после тоа на многу прашање вие одговоривте дека тие акции ќе се движат од 1 до 10%. Јас сеуште не слушнав ништо, колку од акциите што ги продадовте од АД ЕСМ дистибуција стигна до вработените. Мислам дека таква ситуација сеуште немате искажано, кажавте само дека се продададени 90% од акциите, а за другите 10% што остануваат во државна сопственост, вие ќе кажете дали и како ќе се продадат.

Понатаму, не кажавте која и каква е заштитет на вработените , дали сега е потпишан колективен договор, затоа што јас ,морам да ве убедам, бидејќи и лично го видов тој список од 200 вработени, 180 вработени се против ваквиот начин на продажба, така да мислам дека договарањето со некој што го претставува синдикатот, дали се двајца или пет луѓе мислам дека не носи резултати и што е многу важно, во сие овие овјекти морам да ве потсетам, затоа што вие не бевте дел од она што се случуваше во АД ЕСМ, значи со платните од вработените, соп одредување од К-15 тогашно, тоа се правеше и се градеше и Молика, се градеше и ФОТ и тие се составни единици на производниот процес на електрани во Македонија сегашни, или тогашното Електростопанство на Македонија. Така да, клучното прашање, затоа што секоја година ЕСМ или сега ЕЛЕМ потпишува договори со овие фирми , и тоа рамковни договори за цела година кои што не знам после оваа положба некој ќе чувствува обврска тие договори да ги заврши. Дали ќе има потреба да ги заврши, или пак ќе зависи од политичката воја на луѓето кои ќе дојдат на власт и тука ќе се јави еден голем проблем. Мислам дека токму оваа ситуација, во овој момент е таа, тој најголем проблем кој што вработените го имаат, нивната неизвесност за се што ќе се случи, и мислам дека апсолутно немаше никаква потреба ниту од забрзана постапка, се до ова можеше да се заврши на регуларен начин, затоа што се тие друштва со ограничена одговорност од едно лице, беа од ЕСМ, сега се од ЕЛЕМ и тука треба да се даде можност самите да одлучат ЕЛЕМ, во однос на потребата од овие организации.

Значи, прашањето е за ФОД, Молика, ФЈОР и Крушино, клучни објекти кои што еднаш веќе беа дадени со акции на вработените 1996-1997 година и тие акции повторно беа вратени во комбинатот, значи таа прва проба да се приватизираат овие објекти, не заврши како што треба. Затоа сега не знам кое е брзањето и зошто ова се случува токму пред самите избори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски, пред да му дадеме збор на министерот за надворешни работи, господинот Шакири се јави за процедурално.

**Хисни Шакири:** Благодарам господине потпретседателе, бидејки минатиот месец поставив едно прашање до Министерството за внатрешни работи, бидејки беа двајца министри,

побарав одговор од Владата и ми рекоа дека за 20 дена ќе имате писмен одговор. Сега гледам дека мојот одговор не е на дневен ред. Би сакал да упатам прашање до премиерот, да ми даде одговор, бидејки овде е присутен на оваа седница, дали има намера да ми одговори писмено или усмено, да се уреди еднаш за секогаш тој проблем кој ги тангира селаните од село Танушевци каде веќе 6 години е узурпирано нивното земјиште и не се надоместува тоа земјиште. Прашањето е исклучително познато овие 6 години и би сакал да ми каже дали има можност овој месец или денес да ми одговори кога ќе ми дадат одговор на моето поставено прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шакири. Од Собранието тоа прашање е пропратено. Точно е го имаме овде, Владата ќе одлучи кога ќе одговори. Забелешката е упатенодо Владата и Владата ќе одлучи кога ќе одговори.

Одиме сега понатаму.

Првотопрашање е упатено до Министерството за надворешни работи.

Има збор министерот за надворешни работи госпоѓа Илинка Митреба.

Повелете госпоѓо Митрева.

**Илинка Митрева**: Му благодарам н апратеникот Спиро Мавровски за поставеното прашање. Оваа е прилика уште еднаш да се реафирмира официјалниот став на Република Македонија по однос на ова прашање, а тоа е дека демаркацијата на границата кон Србија, Црна Гора, во делот на Косово, како техничка операција, треба да се заврши пред изнаоѓање на решенија за финалниот статус на Косово.

Овој наш став е познат на Меѓународната заедница и на нашите соседи и можам да изразам задоволство што тој беше пренесен и во извештајот на амбасадорот Кај Еде, специјален пратеник на генералниот секретар на Обединетите нации во истата оваа насока, дека демаркацијата треба да заврши пред изнаоѓање на решение за финалниот статус на Косово.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Господине Мавровски, далис те задоволни од одговорот, или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Јас уште еднаш го слуШанв официјалниот став од министерката за надворешни работи и се надевам дека ова ќе биде последно прашање, наредниот пат ќе можам да и честитам дека таа демаркација е веќе завршена. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е упатено до Министерството за труд и социјална политика.

Има збор заменик минситерот за труд и социјална политика господинот Санка Ибраимовски.

**Санка Ибраимовски:** Сакам да укажам на господинот пратеник Мавровски дека според Законот за работни односи, електронското мерење на работно време се почитува. Нашите контроли, можам со уверение да потврдам дека 99%, сите фирми во Македонија веќе го имаат прифатено електронското мерење на работно време.

Меѓутоа, тоа не значи дека го почитуваат, или го прекорачуваат тоа. Има такви случаи и нашите служби имаат само 70 пријави за прекорачување на работно време, само во градот Штип. Потоа имаме во "Стоби" во Велес, "Веткес" во Велес, во "Сансимон" во Кочани, во "Нокатекс", "Вукотрејд", "Маренитрејд", сите тие фирми имаат пријави и ние интензивно работиме на терен со нашите инспекциски служби и на секое јавување на нас вработените кои се јавуваат во нашето Министерство, нашата инспекција излегува на терен и ги утврдува тие недостатоци кои ги прават работодавците.

Меѓутоа, со елктронското мерење нашите служби имаат извршена контрола и 99% го имаат сите спроведено тоа. И со тоа ќе се воведе и ред и со работното време и со прекорачувањето, а сите тие што нема да го почитуваат тоа, ригорозно ќе бидат казнети од нашите инспекциски служби. Ќе ви кажам само еден пример дека само во Штип има 70 такви пријави.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Мавровски, дали сте задоволни од одговорот, или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Не можам да бидам задоволен од одговорот, затоа што ова што го кажавте е вистината. Ова не се случува само во Велес, кажавте се случува во Штип, се случува во Битола, се случува во Струмица и на многу други места, за кои што вие кажувате дека 99% е поставено електронско мерење.

Сега јас ќе ве замолам дали вашите инспекциски служби или некој друг, едноставно, да го видиме тоа како функционира тоа електронско одбележување на времето на работа.

Значи, постојат 101 начин како тоа се прекршува, затоа што не е пробелмот кој кога ја поставува картицата, кој кога ќе излезе од работното место, затоа што тоа се случува максимално, Мојот предлог е, ако сакаме нешто да направиме, значи тие инспекциски служби од Битола да функционираат во Штип, од Штип во Гостивар, од Гостивар во Струмица, за да може да се најде начин како сето ова да се испита и да се добијат реални резултати. Верувајте ми дека денеска некој да работи 8 часа во приватен сектор, тоа е многу ретко. Можеби се 10 до 15%. Се другото дали е електорнска картица, или не знам на кој начин, морате како инспекции да ги пронајдете начините, за да се заштитат работниците. Не очекувајте од некој кој што јавно ќе ви каже дека треба да дојдете, дека утре ќе остане на работа. И тоа можете да го потврдите, колку пати луѓето повеќе ги нема на работни места и тоа мислам дека не е начин ниту за проверка, ниту пак за казнување. Ако вие кажувате дека во Велес има

само две до три пријави, а тука 98% од вработените кажуваат дека остануваат повеќе од 8 часа. Очигледно дека имаме проблем. Тој проблем треба да најдеме начин да го решиме. Апсолутно. Значи не е она што го кажавте дека има некоја електронска картица и тука приказната завршува. Тоа е можеби на некое друго место, каде што треба со тие картици да се плаќа и данок, да се пријавува и работно време и да ве знае секој во кое време, каде се наоѓате. Тука сигурно дека тоа не е случај и работата на инспекциските служби, апсолутно, треба да се зголеми, да им се даде храброст на вработените, затоа што работната сила е многу ефтина од една страна и им амногу невработени што работодавачите го злоупотребуваат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика господинот Санка Ибраимовски.

**Санка Ибраимовски:** Господине пратениче не само што се поставени електронските мерења, тоа е првата фаза каде што ние гледаме дали ги почитуваат тие електронски мерења и дали се поставени.

Во втората фаза ние ќе вршиме контрола. Ние веќе имаме извршено контроли. Еве јас ќе земам обврска во писмена форма да ги доставиме до сите фирми каде се предвидени кои се резултатите и ќе ви доставиме колку фирми се казнети при извршени контроли низ цела Македонија, не само во Битола, туку и во сите градови и за неколку дена ќе ви доставиме во писмена форма колку електронски мерила се поставени, како се извршени контролите, кои фирми се казнети, кои фирми имаат пријава и т.н. Ние ги имаме тие податоци меѓутоа, еве земаме и обврска да ви го доставиме тоа во писмена форма како податок. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Третото прашање е поставено до Министерството за економија.

Има збор министерот за економија, господинот Фатмир Бесими.

**Фатмир Бесими:** Благодарам на прашањето, бидејќи се дава можност уште некои работи да се дообјаснат на нашата јавност.

Во врска со прашањето што стана со тие 10%, кои стојат како можност во Законот за преобразба на АД - ЕСМ, за вработените, кажуваме дека тука треба да направиме една суштинска дистинкција што значи државен и општествен капитал.Во конкретнио тслучај АД - ЕСМ се претпријатие, Акционерско друштво во државна сопственост, значи државен капитал . Правото на вработените, односно можноста до 10% да се дадат на нивна сопственост произлегува од Законот за преобразба на АД - ЕСМ и тоа било добра волја на Владата, дел од државниот капитал да се отстапи на вработените. Значи, добра волја. Тоа и понатаму останува во Законот како такво решение, Владата задржува 10% во овој случај и го има тоа право во иднина да се одлучи кога, како и во кој износ тоа може да го направи. Инаку, дали правата на вработените се заштитени во АД-ЕСМ, јас сметам дека еден од условите и критериумите при доставување на понудите во овој процес беше да се прифати колективниот договор кој веќе е потпишан со Синдикатот на вработените во ова претпријатие и тука е јасно дека е прифатен еден пристап кој е многу реален и се базира на тоа што и од друата сдтрана, од страна на Синдикатот се прифатени. По 2006 година нема отпуштање, а во 2007 и 2008 по 5%, кои според информациите тука е и природниот одлив на вработени во ова друштво.

Понатаму, во контекст на акциите, колку проценти на акции припаѓаат на една или друга компанија, еве уште една прилика. Тоа што ние постојано спомнуваме 27%, токму се однесува на капиталот, т.е. на акциите.

Значи, од целиот систем што се подели, што се преструктуираше 27% отприлика од целиот капитал на едно интегрирано претпријатие остана во дистрибуција и предмет на приватизација беше бизнисот на оваа компанија, т.е. акциите кои се дефакто, предмет на продажба.

Само едно потсетување трансакцијата само во делот на вредноста на акцитие беше над нивната номинална вредност. Тоа е редок случај на вакви трансакции реализирани во Република Македонија.

Што се однесува на ДОЕЛ-ите што беа спомнати тука, последниот трансфер од ЕСМ во ДОЕЛ во ЕЛЕМ во тие ДОЕЛ е сосема оправдано, бидејќи сега тие се предмет на приватизација и отстапување од страна на,однсоно продажба од страна на ЕЛЕМ, бидејќи тие се составен дел во билансот на оваа компанија.

Сакам да ви кажам дека овие компании, овие фирми кои се во составен дел на ЕЛЕМ, се надвор, односно не претставуваат основна дејност на ЕЛЕМ, односно елктрани Македонија и дефакто, тие претставуваат согласно и нивната рентабилност, тие претставуваат дополнителен товар и несуштинска дејност во рамките на тоа што значи електрани на Република Македонија. Концептот на реализација, односно на приватизација на овие ДОЕЛ е исто така на транспарентен начин на меѓународен тендер во домашни списанија, а исто така објавени и во "Фајнешел-Тајмс", за да го има епитетот на меѓународна постапка, на меѓународен тендер и во две фази се однесува на ДОЕЛ како што се "Попова Шапка", "Молика", "Крушино" и "ПОТ". Концептот е да се добијат дополнителни инвестиции во Република Македонија во овие капацитети, што во иднина треба да придонесат генерално за економскиот развој на земјата, а и н алокално ниво, каде што се лоцирани овие капацитети и на подобрување и зголемвување на вработеноста и подобрување на економските перформанси на локално и национално ниво. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Три минути за господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господине министре, моето прашање беше многу конкретно. Вие најдовте можност да ми објасните за АД-ЕСМ дистрибуција, не објаснивте повторно за акциите, затоа што во Законот за преобразба во членот 7, каде што се говори за тие акции за вработените, ништо не се наведува дека тие ќе бидат 27,7% , или тие ќе бидат само за вработените во АД-ЕСМ дистрибуција. Што со останатите вработени, што со оние што работат во МЕПСО, кое што трајно ќе остане во државна сопственост. Дали тие воопшто имаат право на акции, или нема никогаш да ги добијат.

Понатаму, во однос на тоа што кажувате дека овие ДОЕЛ не биле со основна дејност во однос на АД ЕЛЕМ Македонија. Апсолутно погрешно. Јас не знам дали и зошто сте ги посетиле овие ДОЕЛ и дали знаете што всушност, работи ПОТ и ФЈОРД. Значи тоа се работи со основните потреби на рудникот и на термоелектраните, значи производство на ролни, на погонски станици, поправка на електро-мотори, поправка на редуктори, дирекно работење на терен на тие рударски машини и тука , апсолутно не може да стане дека тоа е некоја споредна активнсот, која што не е поврзана со активното и она што го работи ЕЛЕМ на Македонија. За жал, вие изгледа немате претстава што всушност, се продава. Затоа ве прашав. Секоја година ЕЛЕМ, или порано ЕСМ со овие ДОЕЛ вклучуваше исклучиво сеуште рамковни договори во однос на производството каде што се наведени повеќе од 300 до 400 продукти кои тие треба да ги произведат, токму за работењето на рудниците и на термоелектраните. Тоа е дирекно производство. Тука е основниот проблем. Што ќе се случи после ова? Тука знаеме, вие рековте 27,7% но така не можеме да делиме од целост. Дистрибуција е еден дел од она што значи Електростопанство, а ова исто така е составен дел, еден крвоток и што е уште поважно, тие ДОЕЛ се наоѓаат на површина каде што во моментот функционира ЕЛЕМ на Македонија. Вие немате ни посебни влезови, немате ни посебна територија, немате ни машини кои што се купени од фабриката за опрема и делови, туку тие сите припаѓаат на ЕЛЕМ на Македонија, или на Елктроспотпанство на Македонија кои што сега ги оделуваме и треба да му ги дадеме на некој друг. Како тоа ќе се направи, тоа е основното прашање. За ЕСМ дистрибуција, мислам дека ја пропуштивме шансата да можеме туак да проговориме јавно. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за економија господинот Фатмир Бесими.

**Фатмир Бесими:** Јас не сум толку сигурен колку "Попова Шапка", "Молика" или "Крушино" се основна дејнсот на ЕЛЕМ и електрани на Македонија колку мене ми е познато, основна дејност им е производство на електрична енергија.

Понатаму, по однос на правото на вработените и тоа што јас го спомнав 27,7% од системот, само дообјаснив дека според Законот за преобразба на ЕСМ имаме и преструктуирање, зна!и тоа што се случи поделбата на пренос производство и дистрибуција. Дистрибуцијата ја објаснува како дел од капиталот што претставува толку проценти 27,7% од целиот капитал на едно интегрирано претпријатие. Тоа беше предмет на приватизација.

По однос на правото, јас само се обидов да објаснам дека правото на вработените да стекнат акции повторувам, е израз на добра волја на Владата да отстапи дел од државниот капитал. Уште еднаш, значи државен капитал е израз на добрата волја на Владата да отстапи дел од државниот капитал на вработените и тоа до 10%. Државата е уште власник на 10% од дистрибуција. Останатите компании кои произлегуваат од поранешно ЕСМ, т.е. сега МЕПСО за пренос и ЕЛЕМ сеуште се во државна сопственост и таму сите акции се сеуште во државна сопственост. Ова се однесува на вработените кои се ангажирани, односно имаат работен однос во тие правни субјекти кои произлегоа од поранешно ЕСМ.

Сметам, тоа веќе во Законот е јасно, дека тоа се однесува на поранешно ЕСМ и на правните субјекти кои произлегоа од тоа преструктуирање. Така е дефинирано во Законот. Така што тоа ќе биде одлука на Влада, кога ќе реши тоа да го направи за отстапување до 10%, на вработените. Сметам дека тоа е дефинирано во Законот, не треба сега тоа прашање да коинцидира со процесите кои беа во тек, посебно во делот на Дистрибуција, бидејќи тоа еднакво важи за сите правни субјекти кои произлегоа од поранешно ЕСМ.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине минисре.

Продолжуваме со поставување на пратенички прашања.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, ќе ве замолам ако може да не ги вклучувате десетте минути за поставување на прашање, бидејќи прво сакам да реагирам процедурално.

**Слободан Најдовски:** Добро, да видиме во што е процедуралната забелешка.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Почитувани колешки и колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, согласно член 36 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, во главата за пратенички прашања се вели, ако прашањето се однесува на носител на јавна функција кој не е член на Владата, пратеникот до претседателот на Собранието ќе го најави поставувањето на прашањето најдоцна 24 часа пред почетокот на седницата.

Согласно Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, на 28 март, повеќе од 24

часа пред почетокот на седницата, дел од пратеничката група на СДСМ, односно три пратеници: Јани Макрадули, Цветанка Иванова и Никола Ќуркчиев, преку Собранието на Република Македонија побараа да им се даде демократската можност за поставување на прашања до претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата.

За жал, денес во 10,00 часот добивме писмо кое вели: "Во врска со вашата покана за учество на 130-та седница на Собранието на Република Македонија, на која било најавено поставување на прашања од пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова и Никола Ќуркчиев, со изрази на длабоко почитување на Собранието и извинување, поради претходно предвидени и неодложни обврски, претседателот на Државната комисија е спречен да присуствува на седницата".

Да влезе целата Комисија во каша, го напишале вториот став кој вели: "Поканата за присуство на седницата е примена на 28 март 2006 година во 15,00 часот, при крајот на 201-та седница на Државната комисија, која беше во тек. Откако Комисијата беше известена за добиената покана, заклучи дека претседателот на Комисијата е спречен да присуствува на седницата." Повторувам, Комисијата заклучи дека претседателот е спречен да присуствува на седницата поради претходно предвидени и неодложни обврски.

Да ве потсетам дека согласно Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија составена од седум члена, за да може да работи на своја седница, потребно е мнозинство од присутните членови на Комисијата, дека членот на Државната комисија има својство на именувано лице и согласно член 56, за својата работа членовите на Државната комисија одговараат пред Собранието на Република Македонија. За жал, морам да констатирам дека грубо е повредена демократијата во Република Македонија, навредено е Собранието на Република Македонија и се надевам дека овој обид на Комисијата, со наводно зафатеност на претседателот на Комисијата за што сите седум члена се сведоци, ќе се поправи до 18,00 часот, додека трае седницата на Собранието и можеби ќе соберат сили и доблест да дојдат овде до 18,00часот, некои членови од Комисијата и да ги поставиме прашањата што сме ги подготвиле односно јас имам две прашања што молам сега да ми тече времето бидејќи сакам да ги поставам.

**Слободан Најдовски:** Господине Макрадули пред да поставите пратенички прашања, со оглед на тоа што имате процедурална забелешка, јас само сакам да кажам дека нема никаков проблем од страна на Собранието. Вашиот допис е добиен во Собранието на 28 март 2006 година. Ние истиот ден го испративме до Државната комисија за спречување на корупцијата и тие го добиле на 28 март 2006 година. Известувањето кое сега го добивте во 10,00 часот, ние како Собрание го добивме во 9,45 часот. Значи веднаш сме ви го доставиле. Значи Собранието си ја завршило својата работа и од наша страна нема никаков проблем, а зошто претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата не дошол, тоа е друго прашање. Главно од наш аспект е се завршено.

Собранието ќе работи до 18,00 часот и претседателот на Комисијата може да дојде.

Сега можете да поставувате пратенички прашања.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Можеме да претпоставуваме зошто не дошол господинот Маневски. Дали затоа што првото прашање е поврзано со имотната состојба на господинот Груевски, а да ве потсетам дека господинот Маневски е кандидат на ВМРО-ДПМНЕ, за член на Комисијата за спречување на корупцијата, или можеби, второто прашање е поврзано со неговата сопруга Филимена Маневска, или пак трето, дава повторно некое политичко интервју за Радио Слободна Европа или за Канал 5.

Зошто викам дека ги претпоставил прашањата? Затоа што со стенографските белешки, на 23 февруари 2006 година односно од последната седница на Собранието за поставување на пратенички прашања, господинот Слободан Најдовски заклучува: "Во ред господине Маневски, сепак останувате на она дека писмено ќе одговорите на ова прашање. Господине Макрадули ќе добиете писмен одговор". Така е. Согласно Деловникот за работа на Собранието, доколку именуваното лице не може да одговори овде на усно поставеното прашање, или не е во можност да одговори, или пак не сака, може да одговори писмено и за тоа, согласно член 39 став 2, има рок од 10 дена тоа да го направи. Но, за жал, и тој писмен одговор го немаме и затоа претпоставувам дека, освен Маневски, или како што сега дофрлуваат и други го знаат прашањето и веројатно затоа тој не е тука присутен.

Првото прашање се однесува до претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата и гласи:

**Слободан Најдовски:** Без дофрлување.

Госпоѓа Бонева сакате нешто да кажете? Кога ќе заврши господинот Макрадули, ќе добиете збор.

**Јани Макрадули:** Да ги објаснам прашањата што ги поставив на 23 февруари 2006 година.

Социјалдемократскиот сојуз на 23 март 2006 година побара средба со Државната комисија за спречување на корупцијата за да може да ги достави договорите и информациите што ги добивме од соседите на господинот Груевски, каде живее и колку стана поседува. Значи ние сакавме тоа да го направиме во духот на транспарентноста и во решавањето на проблемот, а не тука да ве замараме вас. Во тие договори, бидејќи господинот Маневски не може да се произнесе, затоа прашавме дали ќе заседава Комисијата.

Се вели дека Надежда Груевска поседува стан на Бихачка број 3 влез 1 стан 17. Поседува стан на

улица Васил Ѓоргов број 29, со квадратура од 86 м2. Поседува стан на Бихачка 3, број 15, од 85 м2 и поседува стан на Владимир Комаров број 18, што би значело дека поседува 283 м2.

Сакавме да му кажеме на господинот Маневски дека господинот Груевски на 7 јули, кога ја направил свадбата, на име на мајката купени се два стана. На 8 август 2001 година, само месец дена после свадбата, во големина од 156 м2. Зошто му требало тоа, ќе одлучи Комисијата во својата постапка.

Моралната димензија на тоа дека тоа се случило ден после Карпалак, оставаме на гласачите и на граѓаните на Република Македонија да проценат, која е моралната димензија. Затоа уште еднаш го поставувам прашањето до Комисијата за спречување на корупцијата, дали е спремна да ги добие овие документи од СДСМ, или пак ако не сака од некој од нашите редови, да го поканиме господинот Илија Китановски, како поранешен директор на Јавното претпријатие, да му ги предаде тој, бидејќи тој најверојатно е запознаен со целата процедура.

Второто прашање до претседателот на Комисијата за спречување на корупцијата.

Во интервју за Ради Слободна Европа, пренесено на телевизијата Канал 5, со национална концесија, на прашањето можете ли да посочите кои сектори во Македонија се најкорумпирани, одговара: Мислам дека состојбите се познати. И во судството и во полицијата, односно недоволната неефикасност на судството е посочена како најкорумпирана институција, од страна на господинот Маневски.

Затоа е второто прашање кое беше поврзано со тоа, дали господинот Маневски е пдоготвен на седница на Комисијата да го разгледува проблемот што Врховниот суд на 17.11.2004 година, го укина решението на Апелациониот суд во Скопје, со сериозни укажувања за суштествени повреди од Законот за парнична постапка и од Законот за извршна постапка, каде државата е оштетена за 2,5 милиони евра.

Да ве потсетам, случајот даночна пирамида се базира на случаите на повраќај на ДДВ, измислени или промовирани како еден од играчите, Компанијата "Орка Холдинг" или Орце Камчев.

Дали, како што господинот Маневски вели е заинтересиран, како се продаваат рудниците во Република Македонија и за која цена, го поставуваме прашањето, колку рудници ќе се рестартираа со тие 2,5 милиони евра, кои Апелациониот суд со експресна одлука, кога претседател на Апелационен суд била госпоѓа Филимена Маневска, или сопруга на господинот Маневски, по експресен пат му се префрлени на Орце Камчев, а Врховниот суд таа одлука ја поништува со сериозни забелешки за целата процедура. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов, во што е работата.

**Стојан Андов:** Процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Во што е згрешена процедурата?

**Стојан Андов:** Мој впечаток е, од она што го слушав господинот Макрадули, дека не е тоа за пратенички прашања. Нека постави интерпелација за господинот Маневски

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов тоа вие не го оценувате, јас го оценувам, дали тоа е пратеничко прашање лили не е.

**Стојан Андов:** Требаше да го оцените и да не му дадете збор.

**Љупчо Јордановски:** Не господине Андов, оценив дека е тоа пратеничко прашање бидејќи беше пратено со уредна покана и секој пратеник има право да праша. Затоа велам дека не сте во право.

Бидејќи господинот Маневски не е тука, ќе бараме да се добие на писмено одговор, како што господинот Маневски испрати и јас според Деловникот го поделив неговиот материјал, околу некои политички притисоци врз Државната комисија за спречување на корупцијата и тоа вие го имате.

Не давам повеќе никакви реплики и контра реплики. Ова не беше процедурално.

Повелете процедурално господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Во интерес на јавноста.

Согласно Деловникот пратеник може да постави прашање до избрано или именувано лице. Именуваното лице во случајот е претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Бидејќи тој наведува дека најголем проблем со корупцијата има во судството, моето прашање до него е насочено, дали е подготвен да се зафати со работа на Комисијата, со точка за префрлување на 2,5 милиони евра со судска одлука, на "Орка Холдинг" и да се испита таа работа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули вие сте во право.

Според Деловникот на ова Собрание, секоја избрана или именувана личност од ова Собрание, има право да го повика по одредени прашања. Проблемот е друг, што ние избравме толку многу контролни агенции и институции, што сега мораме ние нив да ги контролираме, бидејќи очигледно дека и ова е начин како треба да се контролираат овие контролни агенции. Очигледно дека некој се извлекува од она што му значи закон и законска работа. Затоа не интервенирав, бидејќи прашањето е во ред, посебно што целата Комисија е вовлечена во ова писмо. Идниот пат јас ќе побарам целата Комисија да биде тука и да одговори на некои пратенички прашања.

Госпоѓа Бонева имате 10 минути за поставување на пратенички прашања.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине претседателе, најпрвин институтот пратенички прашања не е за толкување на судски одлуки, меѓутоа вие кажавте дека не била прекршена процедурата.

Моето прашање е до господинот премиер.

Почитуван господине Бучковски, според тврдења кои стигаат до ВМРО-ДПМНЕ, ваши блиски и доверливи лица кон крајот на минатата година имале средба со веќе покојниот Иван Тодоров, докторот од Бугарија и браќата Георгиос Јорго Ираклис Антемидис од Грција.

Дали е точно дека тие ваши блиски лица имаат добиено пет милиони евра од наведените односно од бугарската и грчката мафија за да ви ги поделат вам и на господинот Црвенковски, за да може слободно низ територијата на Република Македонија да се транзитираат, за Грција и Косово, 250 контејнери цигари од Бургас, преку Деве Баер, по заминувањето на "Проксима" значи после 15 декември 2005 година, од македонските граници. Дали ова е точно. Ако не е точно, зошто е толку фреквентен сообраќајот на товарни камиони на релацијата Деве Баер-Дојран, со двојна документација, една за акцизна стока цигари, а друга документација за стакло, текстил и играчки и зошто овие камиони ги обезбедуваат луѓе од ДБК и припадници на Тигрите. Доколку сето тоа кажете дека не е вистина, тогаш што барал неодамна Захарие Ќуркчиев, братот на генералниот секретар на вашата партија Никола Ќуркчиев во ресторанот Рубин во Петрич-Бугарија, со браќата Антемидис. Овие браќа, да ве потсетиме, се истите оние пријатели на СДСМ и на Шутурков, што беа фатени во селото Дримос кај Солун, во мај 1998 година, за време на владеењето на СДСМ, со пратка на шверцувани цигари во магацин и во камиони со македонски регистарски таблички. Вредноста на запленетите цигари тогаш изнесуваше околу 10 милиони долари.

На крај, што стана со 20-те тони цигари што ги пронајде пред два месеци полицијата во Гевгелија.

Врз основа на сознанија кои доаѓаат до нашата партија, случајот е забошотен од локалната обвинителка, по налог на генералниот секретар на вашата партија господинот Ќуркчиев. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине претседател на Влада имате збор.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Почитувана госпоѓо Бонева, вие, од прилика би требало нешто да бидете на Груевски, како што мене ми се Шекеринска и Митрева. Тешко на таа Влада, тешко на таа партија што ве има вас за гласноговорник. Прво, верував дека сте поинвентивна.

Како прво, бидејќи имате бугарски пасош, после ќе ми помогнете за пишувањата на "Време" да протолкувате нешто што пријателите на тој докторот пишуваат за ВМРО-ДПМНЕ. Овде јас нешто разбирам, но не се, за амигоси за некои браќа Мијалкови, за некои фантоми, за милиони евра, извинете, но ова не е наш стил. Ако сакате да го браните вашиот претседател за становите што ги купил, велите дека сте правничка. Која е разликата меѓу брачна и семејна заедница, знаете, во брак сте, го донесовте својот сопруг од Струмица овде да работи во Скопје. Дали секој оној што живее со вас ако купи 4 стана ќе бидат ваши, или негови, или ќе бидат заеднички. Или ако живеете во семејна заедница, тој живее со мајка му, вие со татко ви да живеете, хипотетички, ако купите 4 стана, тие ќе бидат ваши, негови, или заеднички? Кога ќе одговорите на тие прашања, тогаш ќе може овде да зборувате и за доктори и за пациенти. Во конкретниот случај, ако сакате за оваа тема да разговараме, ние сме подготвени. Вие сте пациентите. Нашето Министерство за внатрешни работи соработуваше во големата операција за докторот, каде што ВМРО-ДПМНЕ е посочен како организатор во огромниот шверц, кога вашиот претседател беше министер за финансии, што значи не е господинот Далаверски тој што ги правел далаверите, како што не може денеска Владе Диневски, вчера Илија Илоски, или завчера Џанго да прави далавери, а министерот за финансии да не знае. Значи, не може да живееме во држава каде што до ден денеска плукаме по дел од ВМРО, затоа што во своите редови го имал Даравелски, го имал Станинов, го имал оној фаталниот од Берово што го донесовте да биде директор на Бирото за стокови резерви и сите тие да бидат криминалци, а министерот за финансии кој дневно треба да се гледа со нив да биде монарх, извинете, но со тие куршуми, не. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Бонева дали сте задоволни од одговорот, ако не, дополнително прашање.

**Силвана Бонева:** Не е битно дали ние како ВМРО-ДПМНЕ сме задоволни од одговорот на премиерот, недолично е за еден премиер да дава одговор, несериозен одговор на вакви сериозни прашања. Вие господине премиере ги имате сите инструменти во ваши раце и три и пол години не знам што правевте. Значи, ваша е одговорноста доколку не сте ги затвориле луѓето од ВМРО-ДПМНЕ кои што правеле незаконити дејанија. Бидејќи тоа не сте го направиле, значи ги немало. А сега треба да дадете одговор на македонската јавност за тоа што ви беше поставено прашањето, а не да го одбегнувате со напади и со зборување дека ние сме ваши пациенти. Сте заборавиле дека сте премиер на оваа земја, а не доктор.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи беше коментар.

Коментар од три минути Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Госпоѓо Бонева, јас реков пред 6 месеци, ќе ве европеизирам и вас ќе ве европеизирам. Кога го напаѓате премиерот, тој има право да се брани, ама ќе се брани со аргументи. Писмено ќе ви одговорам за вашите небулози со сите операции кои ги правеше Министерството за внатрешни работи и со

директната инволвираност на Република Македонија во времето додека вашиот претседател беше министер за финансии, значи одговорен за царината.

**Љупчо Јордановски:** Десет минути госпоѓа Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Моето прво прашање го поставувам до Министерството за транспорт и врски. Кога го усвојувавме Просторниот план на Република Македонија во мојата дискусија кажав дека развојот на инфраструктурата во Република Македонија зацртана во Просторниот план на Република Македонија е еден од предусловите за економскиот развој во Република Македонија.

Моето прашање се однесува на поврзувањето на Струмичкиот регион како најголем производител на раноградинарски производи чиј што брз транспорт е од животно значење за производителите чие што производство се зголеми во изминатите години секоја година за 10% и значајно учествува во извозот на Република Македонија. Значи, поврзувањето на Струмичкиот регион спрема Валандово, спрема Грција и спрема Бугарија, спрема граничниот премин Ново Село спрема Бугарија и во другиот правец спрема Скопје, спрема Србија. Значи, патниот правец Струмица-Граничен премин - Ново Село е магистрален меѓународен патен правец кој што поминува низ повеќе населени места, поминува низ Дабиле, Босилово, Турново, Секирник, Ново Село и Ново Коњарево кој низ центарот на тие населени места претставува опасност за безбедноста на граѓаните на селата кои што ги набројав за поминување. Состојбата на тој патен правец од аспект на изграденост е на таа состојба во која се изградени, меѓутоа дали Министерството за транспорт и врски има намера да изработи физибилити студија за изменување на трасата на тој патен правец спрема граничниот премин Ново Село, со цел да се зголеми безбедноста на граѓаните, пред се на децата, затоа што во тие населени места има училишта и голем број на смртни случаи во сообраќајот се токму децата. Физибилити студија за поврзување на Струмица спрема граничниот премин Ново Село, имајќи во предвид дека со кандидатскиот статус за Република Македонија се отвораат фондовите за инфраструктурни проекти од таков карактер и во делот на регионалната соработка спрема Република Македонија и физибилити студијата во контекст на моето прашање спрема Валандово, Удово за овој патен правец секако ја знаете состојбата, меѓутоа еден помодерен патен правец спрема грчката граница и секако поврзувањето, видовме во "Службен весник" за патниот правец Струмица-Радовиш за Годишната програма на Фондот за патишта.

Одговор на пратеничкото прашање барам во писмена форма од Министерството за транспорт и врски да ми достави.

Моето второ прашање го упатувам до Владата на инсистирање од повеќе пратеници од Струмица до Владата поднесовме иницијатива за санација на браната Турија со која што е запознат министерот Поповски. Меѓутоа, јас како пратеник немам информација до каде се активностите околу санација на браната Турија. Во круната на браната Турија има сериозни напукнувања, така што од безбедносен аспект санацијата на браната Турија е исклучително важен проект кој што треба да се реализира, имајќи ги во предвид врнежите годинава и порастот на нивото на водата во браната Турија оваа инвестиција е многу важна и за безбедноста на населените места при евентуално напукнување на браната, или не дај Боже истекување на браната. Ме интересира до каде се активностите на Владата во завршување на таа иницијатива за санирање на браната Турија во следниот период.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи за првото прашање беше побарано во писмена форма да се одговори, тоа не значи дека не може да се одговори усмено.

Господине Кошутиќ ако можете веднаш да одговорите, повелете, ако не, остануваме да се одговори во писмена форма.

**Дејан Кошутиќ:** Ќе се одговори во писмена форма.

**Љупчо Јордановски:** Второто прашање за браната Турија до каде се активностите за санација на таа брана.

Повелете господине Поповски.

**Владо Поповски:** Како што е познато преливниот орган на браната Турија во Струмица за време на поплавите во 2004 година беше сериозно оштетен. Инаку, претпоставувам познато ви е дека браната Турија е од посебен стратешки интерес за Република Македонија. Веќе нема дилеми, со вчерашната седница на Владата на Република Македонија заокружен е процесот кој што подразбира санирање на оваа брана. Средствата се обезбедени, тендерот е веќе готов и се надевам дека за седум до десет дена веќе ќе биде објавен. Како што ви е познато проектот е изработуван во овој временски период, го изработи Заводот за водостопанство на Република Македонија. Неговата ревизија беше направена од страна на Градежниот факултет во Скопје, значи нема дилеми, за седум до десет дена ќе биде објавен тендерот што ќе значи почеток на санација на оштетениот преливен орган на браната Турија во Струмица.

**Љупчо Јордановски:** Дали сте задоволни од одговорот?

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе. Задоволна сум од одговорот и се надевам дека со завршувањето на тендерот и конечно ќе отпочнат работите затоа што летниот период е период исклучително поволен за градежни работи и нема да се одоговлекува тендерот околу изборот изведувач на работите и овој исклучително поволен период во градежништвото да се искористи за успешно завршување на санацијата на браната Турија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Асани имате десет минути, три прашања.

**Фатмир Асани:** Ви благодарам господине претседател, почитувани пратеници, почитувани министри. Имам три прашања. Бидејќи доаѓам од општина Липково кој што регион уште од 2001 година го доби епитетот како кризен регион и до ден денес овој регион го носи истиот епитет. Мислам дека овој епитет веќе не треба да го носи оваа општина од причина што од 2001 година до сега нема ниту едно убиство, ниту некое насилство, не се случила ниту една кражба и таму слободно врши патролирање полицијата на Република Македонија. Меѓутоа, таму нема никакви инвестиции токму поради овој епитет. Моето конкретно прашање би било до премиерот за тоа колку работи оваа Влада за да се тргне овој епитет од овој регион како регион кој што би се нарекол кризен.

Второто прашање е до госпоѓата министер за надворешни работи. Се знае дека до 1996 година во општина Липково, односно во селото Лојане и селото Миратовце кое што се наоѓа во Република Србија имаше една гранична линија, граничен премин и до таа година служеше за премин на жителите од двете села кои што се тесно поврзани и семејно поврзани, значи обострано двете села со селата во Прешево и Бујановци. До ден денес овој граничен премин е затворен, иако пред една година самиот премиер ни рече дека ќе работи на отворањето на овој граничен премин. Се знае дека барањето на 200 илјади граѓани на Србија е поднесено барање до српската влада за отварање на овој премин. И имам информации дека Владата на Србија има добра волја да се отвори овој граничен премин. Меѓутоа, од страна на Владата на Република Македонија, односно од госпоѓата министер за надворешни работи немаме одговор кој што би бил позитивен. Исто така последните денови се вели дека премиерот на Македонија ќе има контакти со премиерот на Косово, господинот Агим Чеху. И би било добро на тој разговор да се постави прашање за отворање на граничен премин меѓу селото Белановце и селото Влабучан за да се поврзе Македонија, односно општина Куманово и Липково со општина Гнилање кое што многу би го скратило патувањето кое што се реализира преку граничниот премин Блаце, а во последно време се знае и каков е овој пат, дека е опасен за премин на граѓаните заради лизгањето на земјиштето.

Прашањето е, дали премиерот ќе влијае да се отвори овој граничен премин.

Третото прашање е до министерот за образование. До каде се стигна со градењето на основното училиште во селото Никуштак. И дали Министерството за образование ќе направи напори да отвори еден школски простор во селото Слупчане кога се знае дека околу стотина ученици немаат школски простор и тие наставата ја следат по ходници. Во последно време министерот Азис Положани беше во посета на ова училиште и ги принуди селаните од двете села Слупчане и Оризаре да соберат пари за самопридонес за градење на едно училиште. Мислам дека основното образование е обврска на државата и државата треба да обезбеди средства за школски простор во ова село.

**Љупчо Јордановски:** Првото прашање е до Владата во врска со терминот, кризен регион.

Има прашање во врска со терминот, кризен регион во регионот Липково.

**Владо Бучковски:** Минатиот пат прашањето беше поставено од пратеникот Исмет Рамадани. Јас реков дека во сите владини документи во комуникацијата ние како Влада нема да го употребуваме терминот, кризни региони, само во делот од помошта која веќе во комуникацијата која ја води пред се министерот без ресор Владо Поповски сеуште дел од помошта стигнува како помош за поранешните кризни региони. Тоа е единствената формулација која се користи во било каква комуникација која ја има Владата со другите органи и институции, поединци, или невладини организации.

**Љупчо Јордановски:** Господине Асани, дали сте задоволен од одговорот, ако не дополнително прашање.

**Фатмир Асани:** Не сум задоволен од причина што моето прашање беше, зошто нема инвестиции, зошто не се даваат кредити од страна на банките, затоа што граѓаните на општина Липково бараат кредити од банките, а нив им се вели, дека вие не можете да добиете кредит, затоа што тоа е кризен регион. Значи не се прават инвестиции, затоа што немаат гаранција од страна на државата, затоа што самата држава на своите седници тој регион го именува како кризен регион. Значи, Владата треба да направи се што може за да се тргне овој епитет, затоа што тоа не е кризен регион. И во мојата дискусија реков дека нема никакви кражби, убиства итн.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема дополнително прашање, одиме на второто прашање.

Второто прашање е до Министерството за надворешни работи, граничен премин кај селото Лојане.

Има збор министерот за надворешни работи.

**Илинка Митрева:** Значи, наша интенција е да овозможиме што е можно побрз и поквалитетен премин, односно комуникација на граѓаните кои што живеат од двете страни на границата. Во таа насока сакам да го информирам почитуваниот пратеник дека кон крајот на оваа година е примена нота од српската страна во која се предлага отварање на три нови гранични премини во кои што спаѓа и Лојане-Миратовце со Подстрезовце и Петровац - Слабуевац. Надлежните од Министерството за внатрешни работи во соработка со нашите колеги од Министерството за надворешни работи излегоа на терен и ја проценуваат можноста за отворање на овие премини, или дел од овие премини и тоа

ги разгледуваат техничките аспекти, понатаму исплатливоста и практичноста на овие премини. Значи, во некое скорешно време ќе имаме и анализа на сите овие околности и се разбира препорака до Владата околу отварање на дел од овие предложени премини.

**Љупчо Јордановски:** Господине Асани дали сте задоволен од одговорот, ако не, дополнително прашање?

**Фатмир Асани:** Делумно сум задоволен. Доколку се постигне ова, значи ова ќе биде за доброто на граѓаните, значи ќе има слободно комуницирање на стоки и луѓе и тоа е во интерес на државата. Верувам во зборовите на министерката дека ова ќе се постигне многу брзо, затоа што условите се реални за да се отворат овие гранични премини.

**Љупчо Јордановски:** Нема дополнително прашање.

Третото прашање е до Министерството за образование, до каде е изградбата на основното училиште во село Никуштак.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Проблемот со основното училиште во Никуштак егзистира одамна.

Пред две години е започнат инвестиционенен зафат и е пронајдено земјиште на кое што е обезбедена соодветна проектна документација и е почната инвестиционата градба. Баш денес завршува тендерот за тендерската постапка за доизградба на училиштето, до фазата на покривање и целосно опремување во висина од 14.000.000 денари. Денес се отвори тендерот и верувам дека согласно со оние рокови и прописи кои што се дадени во Законот, за брзо време ќе продолжи изградбата и од наредната учебна година учениците ќе учат во новиот објект.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали сте задоволни од одговорот?

**Фатмир Асани:** Повторно сум делумно задоволен, затоа што за Никуштак, со тој одговор сум задоволен и верувам дека ќе се реализира тендерот и дека ќе се изгради училиштето. Меѓутоа, не ми одговоривте за селото Слупштане каде што околу 100-тина ученици не следат настава во училници, туку по ходници, поради недостаток на школски простор.

Дали Министерството ќе влијае и таму да се изградат неколку школски простории, околу 4 школски простории за 100-тина ученици, затоа што тоа не е голема инвестиција, а набрзо треба да има школски простор за да можат да следат настава како што треба.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема дополнителни прашања.

Господине Андов имате за 10 минути три прашања да поставите.

Повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам господине претседателе, господине премиере, господа министри, почитувани пратеници,

Моето прашање сакам да го упатам до министерот за правда и министерот за внатрешни работи. Како што е познато една од најразвиените форми на организиран криминал е шверцот со цигарите. Штетите што ги трпат некои од земјите членки на Европската Унија од тој тип криминал годишно ги мерат со 10-тици милијарди евра. Во некои од тие земји се водат специјални политички и судски истраги, судски процеси. Беше објавено за такви процеси, такви постапки во Италија, во Германија. Неодамна е објавено дека една темелна полициска истрага завршила со поднесување на кривични пријави до обвинителствата во Србија. Акцијата била под шифра "Мрежа". Се дошло до констатација дека Србија била оштетена со околу 10 милијарди евра со шверцот со цигари. Водени се такви истраги и во Бугарија. Речиси во сите овие истраги споменувана е и нашата земја како еден од главните снабдувачи на пазарите со шверцувани цигари. Има ли во Македонија досега изведено слична акција како во Германија и Италија, Србија и Бугарија во форма на полициска истрага која завршила со сеопфатна судска постапка. Дали е нешто сега во тек и дали нешто се подготвува. Дали има оценка за штетите што Република Македонија ги има претрпено. Сакам да потсетам дека во овие истраги во другите земји се спомнуваат фирми и личности кои се од Македонија. Дали за тие фирми и личности нашите органи се заинтересирани и до кои сознанија дошле.

Дали е можно да се запре оваа појава . Ова појава е следена во Италија од 1993 година, па до скоро пред неколку месеци. Во Германија од 1994 година, па до пред неколку месеци. Во Србија се вклучени во 1995, 1996, 1997, 1998, 1999, 2000-та година, потоа се вклучени сите години до денес. Многу ќе биде опасно ако било кој се обиде со делумните полициски наоди или подметнувања да се служи со полициски цели , македонската јавност и македонските институции ќе го положат испитот ако на овој проблем пријда исто така како што е во другите демократски организирани земји кои претендираат да завладее правото во нив.

Според тоа, моето прашање е дали во Македонија се водат такви истраги. Дали се дадени во обвинителството и дали се во судска постапка. Каква врска има Македонија, македонските органи и институции со италијанските институции, со германските институции, со српските институции, со бугарските институции. Ако се дава примерот на докторот, тоа е апсолутно незадоволително, бидејќи таму судска завршница нема и можни се секакви манипулации. Тој човек е убиен во пресметка, затворена му е устата и не може да се открие механизмот на организираниот криминал. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Сакам да кажам дека имаше повеќе прашања, а бидејќи се поставува едно прашање, вие одберете министре на кое ќе одговорите или на сите ако сте ги забележале.

Збор има министерот за внатрешни работи.

**Љубомир Михајловски-Џанго:** Почитуван пратеник, мислам дека загатнавте едно добро прашање кое е во интерес на Република Македонија, за да го чуе целата македонска јавност, ќе ви одговорам поопширно, бидејќи во вашето прашање има многу потпрашања.

Да почнеме вака. Македонија како земја е институционална организирана преку Министерството за внатрешни работи и во склоп на Министерството за внатрешни работи е оформено и работи специјално оделение за борба со организираниот криминал. Вие загатнавте само еден дел од таа борба. Ние како држава се бориме против организираниот криминал во областа на дрогата, оружјето , недозволената трговија солуѓе, меѓу другите и со овие стоки што ги кажавте. Цигарите. Борбата со организираниот криминал е во последните години, добива димензии, ова ви го кажувам не само од наше согледување, туку согледување и од сите европски земји и пошироко, добива се повеќе интернационална димензија односно во тие групи што ги откриваме и лишуваме од слобода и ги предаваме на правосудните органи преку обвинителството, се повеќе се забележуваат луѓе кои што се вклучени од повеќе земји. Значи, добиваме групи кои што се не само од Македонија, туку групи на луѓе кои што се државјани на други земји.

Заради тоа, Македонија, ви кажувам најодговорно за да слушне целата македонска јавност, денес има одлична соработка со сите земји во Европа, не само во регионот, туку во Европа и таа соработка не е само на хартија, не е само во документи, таа соработка е оперативна. Соработката е со оперативно тактички мерки заеднички кои што се договараат помеѓу земјите една или повеќе, зависно од тоа како иде шверцот на разни стоки и недозволени дејствија што ги превзема секој поединец од својата земја.

Вие сте сведоци колку сте информирани, еве и преку медиумите кога имаме организиран настап и кога се преземаат лишувања од слободи на лица паралелно во Македонија и во соседните земји, да не ги именувам овде неблагодарно е, паралелно се преземаат мерки, кога една земја ќе пресече да кажеме одредена количина на дрога или цигари,тоа е и во другите земји. Тоа е така, затоа што сето тоа е изведено плански и со координација. Значи, ви одговарам на прашањето дали се водат истраги. Се водат истраги ако под истрага го рачунате Министерството за внатрешни работи со своите оперативни активности, а нормално после истрагата е кај судот.

Она што сакам да го потенцирам дека во изминативе две или 3 години во Македонија се запленети милиони парчиња цигари. Таа статистика што ви ја давам званично ја добивате овде како пратеници односно можам писмено да ви ја дадам со разни комбинации и акции за спречување на ваков вид на криминал и тоа на граничните линии и во длабочина на државата. Значи, државата односно Министерството за внатрешни работи и другите служби кои што се надлежни за овој шверц активно се борат.

Она што е појава и што исто така ви го кажувам дека Македонија не е земја каде што нешто се случува надвор од тоа што се случува во другите земји, зборувам за Европа. Вие имате огромен швер на цигари, на дрога, на оружје во сите земји во Европа и сите заедно ние како Министерството за внатрешни работи се бориме и не е некоја чудна појава во Македонија, само во Македонија да се одвива тоа. Ви кажувам дека имаме добри резултати и за ова сме оценети највисоко од МеЃународниот фактор со воспоставувањето на обвинителството на специјалното одделение за борба со организираниот криминал и обвинителството презема оперативни мерки за добивање односно давање дозволи за специјални истражни мерки, кое што ги добива Министерството за внатрешни работи.

Она што се сака и да се шпекулира што претходно го слушнав, верувајте, не сум само јас навреден, туку се навредени сите припадници на Министерството за внатрешни работи, затоа што ние сме Министерство кое што не припаѓа ни опозиција ни на позиција, мислам претходните дискутанти, не сакав да се замешам, е тоа дека припадници на ДБК и специјалните единици учествуваат во шверцот на цигарите на граничните премини. Тоа е крајно некоректно и таквата изјава тој што ја даде, треба да се извини на сите припадници на Министерството за внатрешни работи затоа што таква произволна оценка, дури знам дека пратеникот не одговара за тоа што ќе го каже на оваа бина овде, меѓутоа сепак треба да се има едно достоинство да не се плука по своите органи, по своите институции за тоа што не е. Ако споредите за овие три години колку имаме запленети дрога и оружје, тоа значи дека е вложен огромен напор да се справиме со овие појави. Споредете го тоа со претходниот период наназад, ќе видите дека има огромен напредок. Бидејќи не сакам мојата изјава да добие политичка конотација дека моите претходници не работеле друго односно во изминатиот период кога друга Влада била на власт и други биле на власт и не работеле, не сакам тоа да го кажам, само сакам да кажам дека службите за прогон во Македонија имаат перманентен напредок. Верувајте што ви кажувам сме сосема добар и доствоинствен партнер на сите служби за внатрешни работи во Европа. Ова ви го кажувам јавно затоа што знам дека цела меѓународна заедница ова мое излагање ќе го пренесе.

Многу е непријатно да добиеме една таква конотација од пратеник што мислам не заслужува Министерството ова да го трпи. Ако ви кажам дека каналите на цигарите, конкретно што прашавте, се далеку, далеку поголеми и доаѓаат со бродови во земји кои што не се соседи на Македонија и од тука влегуваат во Европа, би ви кажал некои оперативни работи што не би смеел овде да ги кажам. Значи, ова е само еден мал дел што

Македонија е инволвирана, она се што се случува глобално.

Затоа, би ве замолил и мислам дека прашањето е конструктивно, отворивте добра тема за организираниот криминал и никој досега не ја допрел таа тема . Значи, прашањето дали водиме оперативни истраги, точно е, водиме оперативни истраги, поточно се викаат обработени, со сите можни средства и начини кои што се дозволени. Не знам дали сте задоволен од одговорот, прв пат излегувам овде јавно да го кажам ова, тука досега сме имале и огромна поддршка од сите пратеници во Парламентот. Значи не сме имале никакви, верувајте, опструкции и за тоа голема благодарност од сите, позитивно се однесувале кон работата на Министерството за внатрешни работи , а резултатите се евидентни. Сега, не би било добро да се извитоперуваат или нешто да се измислува. Сигурно, останува простор уште повеќе за подобра работа. Тоа е се релативно. Ја спомнавте Италија како земја, а ќе кажам дека со италијанската полиција, ако веќе мораме да зборуваме одделно за земја, бидејќи вие ја посочивте имаме одлична соработка со италијанската полиција, имаме размена на информации дневни. Македонската полиција има дневни информации брзи, тоа е договорено, не на министерско ниво, туку на оперативно ниво, а тоа значи дека меѓу службите во соседните земји во регионот и пошироко во Европа имаме доверба што е многу важно во меѓуслужбите за успешни активности. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов, дали сте задоволни од одговорот?

**Стојан Андов:** Се разбира, јас сум задоволен од излагањето на министерот во тој поглед дека во полицијата организирано се работи и има напредок во сферата на спречување и прогон на организиран криминал на полето на шверцување на цигари. Меѓутоа, сега не навлегувам во поширока елаборација зошто и уште мислам тука на што да обрнеме посебно внимание. Ние сме дел, точно е тоа, од еден огромен шверц на цигари, но едензабележителен дел. Тоа е значаен дел каде што не цитираат и не спомнуваат сега. Сме спомнати и во процесите во Италија, во Германија, во Србија и во Бугарија. Тие ги спомнав затоа што ми се познати и ги следев. Сакам да кажам тоа овде да не добие нашата борба против шверцот на цигари, борба против цигарите да ги уништуваме цигарите и никого да не казниме, ниту фирма, ниту личност која е вмешана и да кажеме дека до гуша е во тоа и влече некои користи. Нема никогаш да ги отвориме работите и цврсто да застанеме против и некои примери да дадеме, ако не го вклучиме судството, обвинителството. Засега, колку што знам, обвинителството е надвор од тоа, па затоа моето прашање беше поставено, пред се, до министерот за правда, а добро е и ова што го ислушавме од министерот за внатрешни работи. Сигурно е дека довербата во институциите мора да ја јакнеме. Тоа е сигурно, меѓутоа не смееме да си допуштиме, било да се од власта, не само од опозицијата. Исто така, не треба да се манипулира со полициски податоци или намешталки па против други луѓе кои се од опозицијата. Мора да внимаваме на тие работи и мора да се враќа довербата во институциите и во државата. Нормално, тоа мора да ни биде основна цел, ама тоа завршува со судска пресуда. Дури тогаш се знае кој е и шт е и дека сме се бореле и дека сме избориле битки. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Следниот да постави прашање е Михајло Георгиевски.

Господине Георгиевски имате 10 минути.

Господине Михајло Георгиевски редот е ваш, имате 10 минути и три прашања.

Повелете.

**Михајло Георгиевски:** Почитувани дами и господа пратеници и членови на Влада,

Првото прашање е до премиерот.

Пред извесно време премиерот Бучковски на Сојузот на земјоделците на Република Македонија им вети дека поради намалениот буџет за поддршка на земјоделците, кој што изнесува 360 милиони денари ќе предложи ребаланс на Буџетот со кој на земјоделците ќе им се даде една милијарда денари за премии за земјоделско производство во 2006 година. Прашањето гласи:

Почитуван премиеру, парламентарните избори ни се на праг, кажете јавно кога ќе дојде тој ребаланс на Буџетот и кои култури ќе се поддржат со ветената една милијарда денари, за да можат земјоделците да планираат со што да ги посеат своите површини наменети за претстојната пролетна сеидба.

Сојузот на земјоделците на Македонија смета дека со сегашниот Буџет во државата за земјоделците околу 200 илјади хектари се наменети за пролетна сеидба. Годинава тие ќе останат јалова површина без да даде род за нашата гладна Македонија, доколку ветените средства за премии не им се дадат.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија.

Македонската држава, особено источниот дел се соочува со вистинска демографска драма која од ден на ден се зголемува и не доведува до очај. Веќе одамна морталитетот е далеку поголем од наталитетот. Населението ни старее и се иселува и ако продолжиме со тоталната негрижа на Владата за стопирање на оваа демографска положба ќе се доведеме од катастрофални последици за опстанокот на државата, т.е. ќе се претвориме во македонска држава без македонски народ. Прашањето гласи:

Што презема Владата на Република Македонија за спречување на демографската драма во која многу села веќе исчезнаа, а градовите во источниот дел на Република Македонија запустеа и се претворија во жалосна слика без излез.

Третото прашање е за министерот за финансии.

2000-годишнината од Христијанството македонскиот народ го одбележи со подигање на Милениумскиот крст на Водно. Тоа е здание што претставува гордост на македонскиот народ бидејќи по својата големина и уметничка вредност претставува вистинско светско чудо и е внесено во сите светски енциклопедии како највисок уметнички и најсовршен крст во светот изработен од метал. Но, за жал за тоа светско чудо и гордот на македонскиот народ, посебно градот Скопје како престолнина на Република Македонија недоволно се грижиме и е доведен на работ на пропаѓање и уништување. За негово санирање се потребни само неколку илјади евра. Моето прашање гласи:

Кога на Фондацијата "Милениумски крст" ќе и бидат вратени 270 илјади евра ДДВ платени при неговата изградба 2001 година. Со тие средства Фондацијата би извршила детална санација и доизградба на Милениумскиот крст. Тоа би го спасило и зачувало за сегашните и идни генерации. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија, конкретно до претседателот.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Значи, јас останувам на она што го дадов дека првиот ребаланс Владата ќе предложи да се вратат 480 милиони денари, колку што се со онаа несреќна одлука на Парламентот, сакајќи веројатно да се дозволи на една целна група која остана недефинирана и со измените на Законот за пензиско инвалидско осигурување и со промените во последен момент за примената на овој Закон беше доведена Владата во ситуација, во минута до 12 да пренасочува дел од средствата. Бидејќи, знае и пратеникот Георгиевски дека квартално се потребни средства, во зависност од сезоните во кои стигаат дел од земјоделските производи и поддршка на земјоделските производители, ние отидовме со намалување на Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и префрлање пред се во Фондот за пензиско инвалидско осигурување, каде што се создаде непотребно и непредвидено оваа дупка.

Значи, ние ќе ја направиме математиката уште еднаш, но стратешки останува и понатаму да ја поддржуваме пченицата, бидејќи во овој момент по 1 денар како што ветивме за реколтата од 2005 година се исплаќа премијата. Оваа година во договор со земјоделците, со Здружението кое го споменавте вие и со другите здруженија одиме на поинаков начин на поттикнување на производителите на пченица, но и на другите житарици (пченка, јачмен).

Со измените на Законот на тутунот, Парламентот овозможи да се обезбедат премии оваа година, па и наредните години за тутунопроизводителите, а останува интенцијата на Република Македонија и понатаму да го стимулира овчарството и краварството, како и понатаму да правиме напори со дополнителни стимулации за промена на лозовите насади во оние сорти на грозје кои ќе бидат профитабилни за лозаропроизводителите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Георгиевски, дали сте задоволни од одговорот?

**Михајло Георгиевски:** Не сум најзадоволен бидејќи не ми се одговори конкретно.

Јас прашав кога ќе се прави ребаланс и дали ќе се дадат премии од една милијарда на луѓето, затоа што треба да садат, што ќе се финансира. Не ми се одговори на тоа, ми се кажа тоа што не го барав јас во прашањето.

Барам да ми се одговори, кога ќе дојде до ребаланс и дали ќе дојде и дали ќе се даде таа милијарда на земјоделците како и што да се сее, за што ќе се даваат премии, за да знаат што да садат земјоделците.

**Љупчо Јордановски:** Дали имате дополнително прашање?

**Михајло Георгиевски:** Тоа е прашањето, не ми е одговорено.

**Љупчо Јордановски:** Дали ќе има ребаланс, еве и јас од трите прашања да формулирам едно.

**Владо Бучковски:** Се зависи од пратеници, дали од овој пратенички состав или од идниот. Тоа е прво прашање.

Второ, да, ние ќе продолжиме понатаму да ги стимулираме оние производители кои веќе ги споменав.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

И второто прашање е упатено до Владата на Република Македонија.

**Владо Бучковски:** Ќе ги собереме сите податоци од Заводот за статистика и детално ќе му одговориме на пратеникот Михајло Георгиевски.

**Љупчо Јордановски:** Значи, писмен одговор ќе добиете.

Третото прашање беше упатено до министерот за финансии.

Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Пратеникот посочи конкретен случај што јас напамет не можам да го знам, меѓутоа ме зачудува што спомна дека е во прашање поврат, па макар и за невладина организација на ДДВ од 2001 година.

Согласно Законот, ако требало да се направи поврат, требало да се направи 2001 година. Ако даночниот обврзник бил годишен обврзник тогаш на почетокот на 2002 година. Во секој случај, не верувам дека можно е процедурите, затоа што колку што знам во рок од 30 дена се случува тоа во Министерството за финансии, а не да траат 5 години.

Претпоставувам дека е некоја забуна, а ако не е забуна го поканувам почитуваниот пратеник да ми ја даде мене документацијата лично и ќе видиме дали има основа за поврат, или нема, затоа што веќе 5 години поминале за случајот за кој спомна.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Поповски.

Господине Георгиевски, дали сте задоволни?

**Михајло Георгиевски:** Официјално Фондацијата "Милениумски крст" објави овие денови дека и должи Министерството за финансии 270 илјади евра ДДВ неисплатено. Дали требало 2001 или 2002 година, важно тие пари не ги добиле. Тие пари треба да се вратат на луѓето таму, инаку објавија весници, списанија, и да го повика претседателот на Фондацијата да дојде со документацијата. Со тие пари може да се реконструира крстот. Тоа е прашањето.

Инаку, јас можам сите написи што ги има во весниците да ги донесам и документација дека тие пари не се вратени. Може ќе појдам и до министерот и ќе му однесат тоа што го бара, ако тие пари не се вратени. Тие се многу потребни во овој момент.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието)

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Јас не можам да прејудицирам дали треба да се врати или не треба да се врати ДДВ.

Тоа што можам да го гарантирам е дека Управата за јавни приходи, која е во состав на Министерството во согласност со Закон прибира и врши поврат на ДДВ. Ако се исполнуваат законските услови ќе се поврати, иако нагласувам дека станува збор за случај очигледно 5 години стар проблем, но ќе постапиме согласно Законот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Блаже Стојаноски.

Повелете, господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Првото прашање ќе го поставам до премиерот на Владата на Република Македонија.

Господине Бучковски, според вас Македонија е мало чудо на Балканот и да ја немаше требаше да биде измислена. Пред некој ден дадовте таква изјава, меѓутоа Македонија е земја во која луѓето се заборавени, а овците се на цена. Земја во која главно прашање е која е најголема опозициона партија и каде најголемите инвестиции се во медиумски фабрики. Земја од која годишно се иселуваат 15 илјади лица, со непризната црква, спорни граници, негирано име, неутврден грб.

Стапката на невработеност е 37%, стапката на сиромаштија околу 30%. Македонскиот граѓанин не е во можност ниту да се прехрани, ниту да се лекува, ниту да се образува, а да не зборувам за решавање на станбеното прашање. Без визи може да се патува само во 5 земји во Европа. Моето прашање гласи:

Дали ова чудо може да се нарече европска Македонија?

Второто мое прашање е до министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Кога господинот  Поповски ќе ја промовира кампањата за утврдување на потеклото на имотот, како ќе се утврдува потеклото на имотот воопшто , а како на оној имот кој се наоѓа надвор од Република Македонија, кој и како ќе ја проценува вредноста на имотот и како ќе се одземаат 70% од неговата вредност. Какви се вашите проценки во поглед на поттикнување на инвестирањето во Република Македонија преку спроведување на мерката конфискација на имот чие потекло не е докажано.

Третото прашање, моментално не е тука министерот за внатрешни работи, гласи:

Дали Министерството за внатрешни работи ги применува мерките прислушкување на лица и следење на лица, врз основа на кои прописи тоа го прави и кои се причините поради кои се применуваат овие мерки, се разбира доколку се применуваат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски, претседател на Владата на Република Македонија.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван господине Стојаноски, не целосно ме цитиравте. Јас реков и сега ќе повторам дека Македонија е мало чудо на Балканот и ако ја немаше ќе требаше да биде измислена да продуцира стабилност и да биде епицентарот на европеизацијата на регионот. Тоа сите го потврдуваат. Значи, вие може да тврдите дека имаме лоша економска состојба, јас да речам дека имаме лоша економска состојба, но не може да негирате дека Македонија денеска е на европскиот пат дека безбедносно и политички ја стабилизиравме Македонија и сега е полесниот дел. Полесен дел од работата е економски да се стабилизира Република Македонија. Зошто дојдовме до ова дереџе и можеше ли да бида поарно. Одговорот е можеше, но дојдоа господине Стојаноски, едни хуни, мислеа дека ќе дојдат во 1998 година и дека ќе опустошат се и 100 години никој нема да ги замени и дека никој нема да бара одговорност. Каква Европа, какво НАТО. Но, се растурија сметките во 2001 година пропадна варијантата за поделба на Македонија и се вративме цурик назад да ја градиме одново, не тие што ја растурија, туку тие што дојдоа во 2002 година. И направивме стапка на невработеност помала од таа што ја затекнавме. Бројките е егзарктни, сега ние ги цртаме графиконите, сликите што беа во едно друго време

промовирани, кога се промовираше пица буџетот, па ќе видите се јасно со истата методологија егзатно. Што би рекле "нема лаги-нема измами", само чисти бројки, за оние кои сакаат бројки, а за оние кои сакаат голема политика подготвени сме на оваа омилена тема што во овој момент кога повторно на Балканот се случува едно чудо на дестабилизирачки дејствија ова позитивно чудо може да направи за другите држави. Една Србија која се наоѓа на распаќе, каде што дефинитивно со отворените два фронта, со еветнуалниот финален статус на Косово, референдумот кој следи во Црна Гора, проблемите кои ги има со автономијата со унгарското малцинство, со редефинирањето на статусот на Босна и Херцеговина, повторно го доведуваме целиот Балкан во клучната 2006 година во еден исклучително тежок период. Сите признаваат дека единствениот светол пример е Македонија. Тоа треба да го признаеме и сите политички партии да се лепиме на таа приказна и да не ја исмејуваме синтагмата успешна македонска приказна.

Лесно е да се употребува популистички одговор дека ништо не чини и се не е како пред 15 години. Да, не е како пред 15 години, од ден на ден е се подобро и ќе биде подобро, но треба да се издржи овој период. Дојдовме до крајот на тунелот и веќе нема враќање назад. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Стојаноски, дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

**Блаже Стојаноски:** Господине Бучковски, јас зборувам за европски стандарди. Зборувам за европските стандарди кои што треба да ги има во Република Македонија. За последиците можеме да дискутираме многу подолго. Знаеме дека 2,3 милијарди евра беше проценет државниот капитал на почетокот од приватизацијата, беа прибрани околу 700 милиони евра од таа приватизација и затоа не сакам да отвораме прашања кои што ќе не одведат надвор од онаа тема за која што дискутираме сега.

Меѓутоа, прашањето е, ако зборувате за вистински европски пат на Република Македонија јас ве уверувам дека тој европски пат пред се зависи од целосната безбедносна стабилизација на Република Македонија, од решавањето на прашањата за кои што вие добро знаете дека е така во однос на демаркацијата на границата со Косово и сите оние други работи што ги спомнав, а верувајте дека не само овие избори, туку многу други прашања кои пред се се од економски карактер, се најважните прашања на кои што треба да одговорите.

Јас затоа ќе ве повикам ова што ве прашувам да го кажете во текот на изборната кампања, меѓутоа, како отчет за вашето работење во овие 4 години, за сите влади на СДСМ , а не за нешто што се случувало 1998-2002 година. 2002 година народот гласаше како што гласаше, добивте мандат како партија и треба да дадете отчет на овие избори што сработивте и што не сработивте и зошто тоа не го направивте. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Господине заменик претседател на Собранието, се согласувам со вас господине Стојаноски, треба да дадеме отчет што ние сработивме и тоа ќе го направиме. Ќе правиме напори да компарираме што ние направивме за 4 години, каде ја затекнавме Македонија и оние кои претендираат да дојдат на наше место што направија.

Во краен случај, граѓаните ќе одлучат, бидејќи силата е кај народот кој ќе победи на следните избори. После соочувањето со аргументи ние се повеќе сме уверени дека повторно ќе ја добиеме поддршката на народот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Почитуваниот господин Стојаноски постави серија на прашања, сконцентрирани сите околу Законот за ДДВ и сега би било илузорно јас да ги објаснувам постапките кои се опишани во Законот и за кои господинот Стојаноски знае добро, затоа што беше еден од дискутантите по тој Закон на седницата кога се носеше законот. Значи, сите прашања што ги постави се решени во Законот. Не мислам дека е сега потребно детална елаборација како тоа се прави во постапката во Законот. Меѓутоа, она што господинот Стојаноски го импутираше во прашањето, беше дека се работи за потекло на имот. Не се работи за потекло, туку се работи за оданочување на неоданочен имот, што е сосема различна категорија. Тоа е едно.

Второ, не се работи како што тој кажа за конфискација, како што употреби збор конфискација, што е поинаков правен инструмент, туку се работи за оданочување на претходно неоданочен имот со повосока стапка од нормалната, доколку не се пријави.

Само сакам да кажам дека спроведувањето согласно со законот е од 1 јули 2006 година. Значи има уште три месеци до тогаш и тогаш ќе почлне со спроведувањето, не предходно, до тогаш тече преодниот рок.

Во врска со дилемата што беше кажана, како ќе се утврдува нивото на тој имот и зошто е до тоа ниво, само ќе соопштам дека тоа ниво на оданочување не е новина, тоа е прв пат во Република Македонија воведено во 2002 година со Законот за антикорупција, каде што е промовирано дека непријавен имот се оданочува со стапка од 70% за тие за кои се однесува Законот за антикорупција. Тоа решение е

превземено сега и кај Законот за персоналниот данок на доход. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Три минути за господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Како ќе го крстите одземањето на 70% од имотот, тоа е ваше право. Се работи само за терминолошки работи, но суштината е иста. 70% им се одзема од имотот кој што претходно треба да биде утврден и согласно проценката која што треба да ја направи некој.

Меѓутоа, не ми одговоривте на суштината на моето прашање, а моето прашање не се однесуваше на одредбите на законот, туку на ефектите од ова одредба. Какви се ефектите врз подобрувањето на инвестиционата клима во Република Македонија со вакво решение во Законот за персонален данок на доход.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Ние можеме до утре да се убедуваме дали оданочувањето значи одземање на имот. Тоа не значи. Тоа значи оданочување на имот, без разлика кој како го толкува. Ако ме прашувате за тоа како ќе влиае на инвестициската клима во Република Македонија, ве уверувам дека овој закон влиае поволно на инвестициската клима, затоа што со тоа Македонија се прави правна држава. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Третото прашање е до Министерстовото за внатрешни работи.

Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** За жал, не можеме да ги следиме телефонските комуникации заради недонесување на Законот кој одамна е во процедура пред Парламентот.

Сакам да напоменам дека ние сме единствената земја во Европа, каде ваков закон не е донесен.

Со оваа мерка која е предвидена во Уставот и во Законот за кривична постапка е со единствена цел оваа мерка за успешна борба против најтешките облици на криминал, на организираниот криминал и тероризмот кој што се закани за целата земја. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Стојаноски дали сте задоволни од одговорот, или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Ако можев добро да ве разберам, тоа значи дека бидејќи законски овластувања Министерство за внатрешни работи нема во поглед на прислушкувањето на комуникациите, тоа не го прави и јас се согласувам со вас дека за тешките облици на криминал потребно е следење на комуникациите, меѓутоа, во строго дефинирана постапка, процедура која што треба да биде направена согласно Законот за следење на комуникациите и со гаранција кои што ќе значат почитување на правата и слободите на граѓаните. Тоа се уште не е сторено, а зошто, затоа што се уште такви гаранции за почитување на правата и слободите на граѓаните, согласно тој закон не се понудени.

Затоа, јас само како дополнително прашање ќе дополнам во контекст на вториот дел на моето прашање, а тоа се однесува на следењето на лица. Дали следењето на лица се прави само заради тешки облици на организиран криминал, или има и некои други основи од кои произлегува следењето на лица. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Министерство за внатрешни работи превзема повеќе оперативно тактички мерки на терен. Значи, за следење на лица, фотографирање, обезбедување документи итн, има предвидено во закон специјални истражни мерки, кои што Министерство за внатрешни работи ги применува, а во согласност со Законот за кривична постапка. Значи, не ви откривам нешто што е тајна или што не се применува во сите земји. Значи, се применуваат специјалните истражни мерки предвидени во Законот за кривична постапка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Благородна Мингова-Крепиева.

**Благородна Мингова - Крипиева:** Деновиве до пратеничките во Собрание пристигна допис од новинарката на "Македонско сонце" Рената Матеска, со мошне, возбудлив наслов. Дали жените новинарки имаат право да бидат сопруги, мајки и независни во пишувањето. Поднасловот е доста загрижувачки. Новинарката Матеска вели како нејзината блажена состојба стана пеколна.

Прашањето го упатувам до министерот за труд и социјална политика и тоа токму, во насока на остварување на позитивните одредби од Законот за работни односи во кој се определивме, заради биолошката репродукција и мајчинство на вработената жена, таа да ужива право на посебна заштита. Овој наш Закон беше оценет високо од сите меѓународни институции и ние исто така, пратеничките бевме мошне задоволни со решенијата кои овој Закон ги нуди. Но очигледно дека во пракса ни се случуваат работи кои не одат во прилог на имиџот кој го создадовме со овој наш Закон.

Јас ќе цитирам дел од дописот на новинарката Рената Матеска во кој таа укажува дека во 25-та - 26-та недела од бременоста била принудена да потпише, како што е речено, формален документ за договор за вработување, со кој би ја покажале својата лојалност кон основачот на неделникот, почитуваниот бизнисмен, политичар, Џорџ Атанасовски. Заедно со тоа и била дадена и бланко спогодба за отказ, исто така формален, кој после неколку дена и бил всушност и вратен. И спротивно на Законот, новинарката Матеска била отповикана од функцијата главен и одговорен уредник. Сместена во просторија без прозор и проветрување, што значи дека спротивно на

Законот била сместена во влошени и тешки услови за работа. Упатена на настан без превоз, преку времена работа, која исто така не е дозволена со Законот.

Јас само на крајот ќе ја цитирам повторно наведената новинарка во која таа гласно се прашува и реагира во име на сите жени, во име на сите мајки, во име на сите новинарки, за да утре не мислат дали да бидат сопруги и мајки и да не се плашат во посебна привилегија која им се нуди, како припаднички на понежниот пол, да го остварат правото на мајчинство.

Го прашувам минисерот за труд и социјална политика, бидејќи овој допис е упатен и до Министерството, дали се покренати некакви активности во врска со ова барање на новинарката Рената Матеска и дали е постапено по истото, од страна на инспекциските органи.

Исто така, како второ прашање до истиот министер, би го прашала дали има информација колку прекршоци има поведено врз основа на Законот за работни односи по наоди на инспекциските органи, токму во овој правец за кој говорев. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Мингова.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господиот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Јас во текот на вчерашниот ден го прочитав писмото од дотичната госпоѓа. Значи таа доколку се обратила до надлежниот Инспекторат за труд, секако дека надлежниот Инспекторат има реагирано и колку што видов од нејзиното писмо тие се веќе во судски спор со нејзиниот претходен газда, газдата на "Македонско сонце", така да тука завршуваат надлежностите на Државниот инспекторат за труд. Односно тоа е во надлежност на судските органи, што значи дека за тужбата која што таа ја има, има и соодветно решение донесено од Државниот инспекторат за труд.

За тоа колку прекршочни пријави има поднесено Државниот инспекторат за труд во писмена форма ќе ве известам, но сакам да ве информирам дека имаме поплаки и од други медиумски куќи, во кои што дел од вработените или не се осигурани, или пак од страна на нивните работодавачи има кршење на правата од работен однос и како резултат на такви поплаки, кои што се упатуваат директно до Државниот инспекторат за труд се постапува согласно законските прописи.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Мингова дали сте задоволни од одговорот, или саката да поставите дополнително прашање.

**Благородна Мингова - Крепиева:** Јас му благодарам на министерот за труд и социјална политика.

Како што сме информирани веќе е направен увид од страна на инспекторка од Државниот инспекторат. Најмногу го поставивме прашањето токму и јавноста да биде информирана за прекршоците и притисоците кои се вршат врз одредени новинари, кога тие јавно ќе проговорат за одредени проблеми кои не им одат во прилог на основачите на одредени и пишани и електронски медиуми. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Следен за поставување пратенички прашања е господинот Илија Србиновски, не е тука.

Госпоѓа Цветанка Иванова, не е тука.

Господинот Зуди Џелили ќе биде попладне по овој редослед.

Има збор господин Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Јас имам едно прашање до министерот за локална самоуправа, бидејќи неколку пати поставував прашање за дивоградбата, односно за зградата покрај стадионот на градски Вардар кој што се привршува. Тогаш прашвував што може Министерството за транспорт и врски да направи. Тие ми одговорија дека не можат ништо да направат. Ме интересира која е процедурата да се провери дали во Министерството за локална самоуправа, затоа што овој објект има добиено дозвола за изградба на спортски хотел и паркиралишта, а според моите сознанија и сознанијата на сите граѓани, моментално тоа е станбена зграда и дел од становите се продаваат како луксузни апартмани и станови во неколку агенции за недвижности.

Второто прашање е до Министерството за економија за случајот Газела. Веќе неколку месеци е склучен договор и дадена е на фирма која има најдобри услови, меѓутоа, покрај 150 илјади досега останатата бројка во близина од 2 милиона евра не е уплатена.

Дали може некој од Министерството за економија да одговори зошто не е така. Според моите сознанија судијката уште го нема потпишано договорот со најповолниот купувач, за тие да добијат право да го доплатат и останатиот дел. Дали е тоа случајно или се чека тие милион евра кои се легнати во Буџетот на Република Македонија се легнати на сметката на Газела, па со дел од тие пари и обврската према државата се подмири.

Доколку има, јас би сакал да ми се одговори усмено.

**Слободан Најдовски:** Немаме претставник од Министерството за локална самоуправа и од Министерството за економија, а немаме ни пратеници кои се пријавени. Затоа, сега ќе објавиме пауза до 15,00 часот. Во 15,00 часот продолжуваме.

(Пауза до 15,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,04 часот. )

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Пратеникот Илија Србиновски не е тука.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе, меѓутоа моите прашања беа упатени до претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата, а јас него не го гледам тука.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Иванова за тоа дискутиравме на почетокот. Вие можете да си ги поставите прашањата, ние ќе ги доставиме на писмено и после тој да ни одговори.

**Цветанка Иванова:** Добро. Првото прашање е следното.

Пред Основниот суд Скопје 1 - Скопје е покрената постапка од страна на тужителот Ѓорѓе Арсов од Скопје, против НАТО мисијата на Република Македонија и Република Македонија за надомест на штета во износ од 566 илјади евра, во денарска противредност. Првостепениот суд го одбил ова тужбено барање. Апелациониот суд ја преиначил оваа пресуда. Прашањето до претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата е следното:

Бидејќи деновиве гледаме дека се занимаваат со предмети кои се извршени за надомест на штета каде тужена е Република Македонија, дали Комисијата за спречување на корупцијата има преземено некои дејствија и мерки за утврдување на коруптивни дејства во овој предмет. Бидејќи не е тука претседателот на Комисијата, секако дека писмено ќе ни се одговори.

Второто прашање кое сакам да го упатам исто така до претседателот на Комисијата за спречување на корупцијата е, за ЕМО-Охрид, исто така има отворено предмет од страна на Комисијата, во врска со коруптивни дејствија во приватизацијата на ЕМО-Охрид.

Третото прашање е исто така до претседателот на Комисијата за спречување на корупцијата, дали Комисијата преземала дејствија за утврдување на корупциски елементи во постапките за денационализација 2001 и 2002 година, во предизборието. Од страна на тогашниот министер беа давани доделувани решенија и клучеви за објекти и за земјиште што според законот не можеа да се вратат и подоцна во правни дејствија преземени од страна на правобранителот, се укинати овие решенија. Барам информација околу овие состојби. Поконкретно, само да го спомнам мслучајот каде беше предаден и плоштадот на град Скопје, во една ваква предизборна кампања. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Иванова.

Со оглед на тоа што пртседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата не присуствува на седницата, прашањата ќе ги доставиме преку службите.

Следен за поставување на пратенички прашања е пратеникот Зуди Џелили.

**Зиди Џелили:** Почитуван потпретседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Имам три прашања.

Првото прашање е до премиерот, прашањето гласи:

Поради поројните врнежи и топењето на снегот во многу села се појави една природна појава во однос на лизгањето на земјиштето и пукањето на земјиштето. Оваа појава ги става во животна опасност жителите на селата од ова подрачје а тоа се селото Ѓермо, селото Јеловјане, а во последно време имаме информации дека и над селото Боговиње и тој ред може да почне да се лизга. Иако порано се побара помош за евакуација на жителите од ова подрачје, од овие села поради нивна дислокација, Владата до сега нема преземено ништо поконкрето за да спречи една евентуална катастрофа. Дали не е подобро да се спречат можните катастрофи отколку после да ги санираме последиците од една предизвикана состојба.

Второто прашање е до заменикот премиер Муса Џафери, а е во врска со функционирањето на Третиот ТВ канал и во врска со дополнително барање односно информација за функционирањето на овој ТВ канал, на Собранието, се вели дека е направена една пресметка на трошоците и за четири преведувачи со договор на дело. Во меѓувреме прашањето на преведувачите од македонски на албански јазик, сеуште не е регулирано. Оваа празнина често пати ни создава проблеми. Преведувачите неколку пати го алармирале прашањето за нивното неисплаќање и сме имале прекин на седниците. Информациите со кои располагам велат дека преведувачите од септември месец до денес сеуште не се исплатени за извршената работа.

Дали има намера да се уреди тоа прашање и кога, или дали тоа е уште едно опасно настојување за да се прекќути употребата на албанскиот јазик.

Следното прашање е до Министерството за одбрана.

Според информациите кои пристигнаа до мене, Домот на Армијата во Тетово е даден на користење на лице Глигорие Гоговски и дека истото Министерство во градот Кочани два објекти на АРМ ги има подарено и тоа еден објект на православната македонска црква и другиот на општината. Зошто таков подарок да не се случи и во општина Тетово, или во другите албански општини. Значи, наместо објектите од оваа природа да бидат во општествена употреба, тие се доделуваат, според привилегиите, на одредени личности, а тие понатаму со државниот имот кој е изграден од Буџетот на сите граѓани, да се збогатат. Дали тоа не е еден случај или двоен аршин за исти прашања. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање беше упатено до Владата на Република Македонија, во врска со лизгалиштата.

Има збор претседателот на Владата.

**Владо Бучковски:** Во име на Владата на прашањето ќе одговори ресониот министер Владо Поповски.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Поповски имате збор.

**Владо Поповски:** Владата на Република Македонија, за цело време од појавата на слечиштата во Република Македонија, кои во последно време се сериозно интензивирани, има сериозен пристап. Во таа смисла, веднаш по нивната појава на самиот терен посебно во местото Скудриње, општина Маврово, Ростуше и во општина Боговиње, во селото Јеловјане и во селото Боговиње, престојуваат стручни екипи предводени од професорот на Градежниот факултет, Наум Гапковски кои за потребите на Владата на Република Македонија сочинија посебни извештаи од увидот направен на теренот. Во таа смисла тие на Владата на Република Македонија и понудија и предлог препораки кои Владата на Република Македонија ќе ги интензивира односно ќе ги преточи во пракса, во наредниот период. Во таа смисла сакам да истакнам дека во селото Скудриње денес се завршува со реализација на итните мерки што беа преземени и во однос наодбените препораки од извештајот на експертите, а за понатамошните долгорочни мерки кои ќе значат санација на свлечиштето е задолжено Министерството за транспорт и врски кое за наредната седница на Владата на Република Македонија треба да сочини конкретна инфорамција во која ќе бидат содржани сите оние активности кои треба да бидаст преземени во наредниот период, со рокови на извршување и се она што треба да биде направено таму.

Вои поглед на селото Јеловјане во општина Боговиње и во селото Боговиње, Владата на Република Македонија на вчерашната седница беше целосно информирана, со посебен осврт на извештајот, повторно од групата на екперти кои престојуваа на овој терен. Заради итните активности Владата на Република Македонија формираше работна група која ја сочинуваат претставници на Минисетерството за транспорт и врски, Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија. Групата ќе ја раководам јас и таа има за задача во рок од десет дена на Владата на Република Македонија да и подготви и да и предложи одлука со акционен план за трајно надминување на проблемот, со обезбедувањето на куќи за луѓето кои таму се најзагрозени. Велам, за 10 дена Владата на Република Македонија, пред себе ќе ја има конкретната одлука за тоа колку куќи таму ќе бидат изградени, на која локација ќе бидат изградени, по кои критериуми ќе бидат изградени, со какви стандарди, со која квадратура и се разбира за потребните финансиски средства што ќе бидат неопходни за разрешување на овој проблем.

Исто така, подолго време, она што и пратеникот го постави, во Министерството за транспорт и врски се разгледуваат можностите поврзани со санација на свлечиштето во селото Ѓермо-тетовско. Во таа смисла колку што мене ми е познато севршат последните подготовки за распишување на тендер, а министерот за транспорт и врски најави, исто така заради итно разрешување на проблемот со свлечиштето во Гермо, Владата на Република Македонија конкретно ќе расправа на наредната седница која е закажана за наредниот четврток. Сакам да кажам дека Влада на Република Македонија многу сериозно им пристапи на овие проблеми, посебно на оние случаеви каде имаме најголема загрозеност, поготово во селото Јеловјане, за селото Боговиње и за оние подолгорочни мерки кои се предвидени во селото Јеловјане, исто така е задолжено Министерството за транспорт и врски. Во таа смисла сакам да напоменам дека покрај овие мерки Владата на Република Македонија го задолжи и надлежното Министерство, Министерството за труд и социјална политика кое ги испитува можностите за евентуална еднократка парична помош на оние семејства кои се најзагрозени. Исто така Владата на Република Македонија активно соработува со месните заедници во овие неколку населени места и со единиците за локална самоуправа, па по тоа смисла доколку има потреба, покрај овие напоменети мерки, Владата на Република Македонија е подготвена да преземе и други мерки. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Џелили дали Судски совет те задоволни од одговорот или имате дополнително прашање.

**Зиди Џелили:** Бидејќи самиот премиер и Владата ги посетиле овие населби и бидејќи се подготвува акционен план за да преземат нешто во тој правец, мислам дека последиците од лизгањето на земјиштето во многу места каде тоа се случило биле катастрофални, цели села се покриени со земја, па би сугерирал сите овие активности, кои сака или има во план да ги преземе Владата, да бидат што побрзи и поефикасни. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Второто прашање е упатено, незнам, до Владата или до заменик премиерот Муса Џафери. Единствено, бидејќи господинот Муса Џафери не е присутен тука, да упатиме како писмено прашање и да се одговори.

Третото прашање е до Министерството за одбрана.

Повелете господине Манасиевски имате збор.

**Јован манасиевски:** Во согласност со вкупните процеси на трансформација на одбраната е и посебен план за конверзија на имотот. Со тој план се опфатени оние градови и гарнизони од каде Армијата се сели, т.е.каде веќе нема да биде стационирана. Додека пак во оние градови каде Армијата останува, објектите кои не и се потребни или кои не влегуваат во корпусот на суштински функции, се даваат под соодветен закуп.

Случајот што го наведува господинот Џелили е токму таков случај. Меѓутоа, тој случај е завршен уште пред две години, пред 2004 година, со

транспарентна постапка на јавно наддавање, во која учествуваат повеќе кандиати. Инаку другите случаи што ги наведе, во општината Кочани и други општини, всушност се општини од каде Армијата комплетно се повлекува.

Доколку не следи господинот Џелили да го информирам дека еден од последните такви случаи беше токму случајот со општината Дебар каде, бидејќи Армијата се повлече од касарната во тој град, пред неколку недели заедно со градоначалникот и локалната бизнисзаедница, договоривме план за трансфер на армискиот имот во функции на урбаниот и економскиот развој на соодветната општина. Значи нема двојни аршини, туку напротив, врз основа на соодветни планови и програми кои се засновани врз основа на највисоките НАТО стандарди се спроведуваат сите овие активности.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Џелили, повелете изјаснете се дали сте задоволни или не сте задоволни од одговорот или сакате дополнително да поставите прашање.

**Зиди Џелили:** Прво, да кажам дека мило ми е што министерот призна дека како што го поставив прашањето, таква е и состојбата на терен. Значи во тие градови од каде се повлекува армијата, објектите се трансформираат, а во тие градови каде Армијата не се преместува, објектите кои според министерот не се потребни за Министерството, се даваат под закуп. Токму тука е и гневот на граѓаните од Тетово, имајќи го предвид фактот дека градот Тетово е еден град со мнозинско албанско население каде многу албански претприемачи се мносу  успешни и знаат да ги става во движење нивните средства, користејќи и општествени објекти земени под наем. За тоа тие имаат искажано жалење, бидејќи е направена една еднострана пристрасна поделба. Значи овој простор му е даден на е ден бизнисмен или деловен човек кој е поблиску до партијата на власт и така другите граѓани кои конкурирале се чувствуваат дискриминирани. До кога во градот Тетово со општествените објекти кои се изградени со Буџетот на сите граѓани ќе се делат еднострано, за партиски цели. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Манасиевски имате три минути за коментар.

**Јован Манасиевски:** Тоа за што зборува господинот Џелили, најмалку две години доцни со прашањето. Значи за ова што го зборува, постапката е спроведена во септември 2004 година и се работи за комплетно транспарентна процедура на која учествувале повеќе апликанти, каде исто така соодветно е обезбедено и правото на жалба кое никој не го искористил. Така што, се работи за спроведена и завршена процедура, комплетно транспарентно, без никакви забелешки, уште пред речиси две години.

**ЉупчоЈордановски:**Господине Ќуркчиев,вашите десет минути, три прашања.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван претседателе, почитувани министри.

Се обраќам до министерот за внарешни работи и апелирам. На политичката сцена во Република Македонија по малку навикнавме да се споменуваат нашите имиња во разни цели за разни случаи, потреби и нарачатели.

Убеден сум дека СДСМ, нашиот претседател господинот Владо Бучковски и јас како генерален секретар се всушност вистинската цел на пратеничкото прашање на колешката Бонева, се разбира за предизборна политичка дискредитација. Но, никако не можам да разберам и како да бидам поинаков, да се одвикнеме од споменување на имињата на члeновите на нашите пошироки и потесни семејства.

Жално е што институтот - пратенички прашања се злоупотребува во предизборни и маркетиншки и сто посто измислици и лаги се презентираат како сериозни обвинувања и вистини.

Сериозноста на искажаните обвинувања од споменатото пратеничко прашање се такви да и јас апелирам до Републичкиот јавен обвинител и до министерот за внатрешни работи најсериозно да ги проанализира и поработи на расчистување на искажаните пратенички тврдења.

Се надевам дека се подразбира колешката Бонева и ДПМНЕ се подготвени сите информации и докази да ги достават и стават достапни на институциите на системот.

Јас сум подготвен ова прашање да се откажам од пратеничкиот имунитет, а се надевам дека и колешката Бонева е исто така подготвена да го направи истото. Во спротивно ова е единствено можно да биде сватено како интересна приказна за медиумите и гледачите задскривајќи се зад благодетот на пратеничкиот имунитет.

На крај, би замолил за максимум респект и коректност во оваа меѓусебна политичка и повеќе би рекол лична пресметка. Оваа собраниска говорница никому не треба да и служи и да им биде идеална шанса да го прави тоа.

Затоа почитуван министре барам, колку што е можно, побрзо да го расветлите овој случај.

Второто прашање, жалам што денеска не е тука почитуваниот претседател на Државната антикорупциска комисија, имам прашање и до него, прашањето ќе го упатам заради тоа што како пратеник и како член на СДСМ исклучително ја поддржувам работата на оваа Државна комисија.

Бидејќи не е тука господинот, се надевам дека писмено ќе може да одговори иако имавме барање од 23 овој месец да се сретнеме, меѓутоа не најде за сходно да ни одговори.

Иако силината на кампањата за подигање на јавната свест во правец на спречување на корупцијата, некако повеќе поттикнува на размислување кон анкетните листови на имотната состојба на избраниете функционери, во последниот извештај на Антикорупциската комисија ќе биде напишано цитирам:

Преку сопствен пример за транспарентен приод во работењето, Државната комисија за

спречување на корупција го промовира принципот на транспарентно, одговорно и отчетно работење.

Одделни членови на оваа комисија и покрај законската обврска сепак во 2005 година, според нивни кажувања, ги немаат пополнето и доставено листи, а со тоа јавно се фалат, но јас сепак нема да го поставам тоа прашање, ме интересира една друга тема исто така од делокругот на надлежностите на Антикорупциската комисија. Се работи за финансиското работење на една политичка партија која претендира да ја води државата веројатно на начин како што деновиве го уценува и Собранието настапувајќи во стилот сакам-не сакам.

Извештајот на Комисијата за спречување на корупцијата за 2005 година стои, цитирам:

За контрола на финансиското работење на буџетските корисници особено е значајна добрата соработка со Државниот завод за ревизија, бидејќи, значи, штом соработката со Заводот за ревизија е добра, мора да се знае дека истиот тој завод констатира дека на сметката на ВМРО-ДПМНЕ има 236.000 денари во последните две години, значи во 2004 и 2005 година, а сите знаеме дека во 2004 и 2005 година во Република Македонија имаше две изборни и една референдумска кампања.

Ме интересира кој е ставот на Комисијата по овој факт, дали Комисијата мисли дека една сериозна политичка партија каква што претендира да биде ДПМНЕ може да истера две три кампањи со не цели 4.000 евра или пак можеби и вие односно Комисијата, гледајќи го извештајот на Државниот завод за ревизија помисливте дека зад таа смешно скромна сума сепак се кријат токму криминалот и корупцијата.

Се разбира, јавноста нормално е да е во дилема какво е тоа финансиско чудо.

Барам да ми одговорите што имате преземено како Комисија за да се спречат ваквите нешта и да се санкционираат соодветните лица од таа партија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска процедурално, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, јас имам процедурална забелешка до вас.

**Љупчо Јордановски:** До мене?

**Ристана Лалчевска:** Процедуралната забелешка може да биде упатена само до вас.

**Љупчо Јордановски:** Добро, дали можете да ми кажете по кој член од Деловникот?

**Ристана Лалчевска:** Според одредбите од Деловникот, ова е седница за пратенички прашања што значи пратениците поставуваат прашања до членовите на Владата.

Во излагањето на мојот ценет колега Ќуркчиев во првиот дел воопшто немаше пратеничко прашање, имаше само коментар и молба за расчистување на одредени состојби.

Вие претседателе требаше да го прекинете, бидејќи нема.........

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска јас сега вас ќе ве прекинам од една едноставна причина. Ако ги земете стенографските белешки на сие пратеници кои поставија пратенички прашања имате еден вовед до правото прашање. Јас никому не сум го ускратил правото да имам вовед. На кој начин и како тој вовед ќе биде искажан и на кој начин ќе биде презентиран, тоа не е мое право, на крај имаше прашање. Имаше прашање до Министерството за внатрешни работи што презема во насока на такви обвинувања.

Впрочем, можам деловникот и вака да го интерпретирам и ние како пратеници сме избрани и именувани лица може и до нас да се постави пратеничко прашање.

Сметајте го како одговор на едно пратеничко прашање кое се случило претпладне.

Воопшто не сте во право, по мое мислење, како кршење на процедура.

Вие сте следна за поставување пратенички прашања и воопшто нема да ви се мешам или да ве прекинувам во вашиот вовед односно објаснување за конечното прашање да го поставите.

Ако има коментар од министерот за внатрешни работи нека повели бидејќи беше на крај прашањето што ќе преземе министерот за внатрешни работи во врска со тоа.

**Љубомир Михајловски:** Министерството ќе работи во рамките на своите редовни работења, ако добиеме сознанија нормално, посебно и за овој случај, ќе го расчистуваме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Второто прашање, како што кажа и самиот пратеник, е до Комисијата за борба против корупцијата, за жал, ја знаеме историјата на денешниот ден во врска со нивното присуство и тоа треба повеќе да не загрижува нас пратениците зошто на повик од највисокото законодавно тело некој не доаѓа и не дава отчет овде.

Тоа ќе го пратиме писмено, а ќе добиеме, претпоставувам, писмен одговор.

Госпоѓо Лалчевска имате десет минути, повелете три прашања.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Јас сум пратеник што во принцип го почитува Деловникот и ќе се држам строго за она што значи пратеничко прашање. А, како вие го читате Деловникот, тоа е ваша работа.

Имам две прашања до Владата и едно прашање до Министерството за транспорт и врски.

Бидејќи сме на крајот на мандатот, а јас за целиот свој мандат упорно поставував едно пратеничко прашање, ми беше одговарано на ваков и таков начин, меѓутоа, никогаш не добив јасен и прецизен одговор кога ќе биде завршена таа работа и сега за да го заокружам својот мандат, а исто така се надевам и премиерот заокружувајќи

го мандатот на Владата ќе ни даде конкретен одговор на прашањето кое веќе неколку години упорно и досадно, можеби за некого го поставувам, а тоа е околу определувањето на заштитната зона на резиденцијалниот објект во комплексот Горица во Охрид.

Зошто господине премиере сеуште не е определена заштитната зона на овој објект во Охрид, а со таквото неопределување на таа заштитна зона се спречени остварувањата на денационализацијата која е отпочната некаде по 2000-та година.

Луѓето кои си ги бараат своите имоти назад не можат да си ги остварат своите права, не добиваат ниту позитивен, ниту негативен одговор, исто и јас добивам одговор дека - да, ќе се определи таа зона, има комисија, па комисијата ќе излезе на терен и тн.

Последен пат 2003 година, дебатиравме за ова некаде во декември и тогаш ми рековте да, наскоро комисијата ќе ја заврши оваа работа. Сега сме 2006 година, сеуште нема на повидок решение, меѓутоа, наспроти тоа има градежни работи на овој терен. Таму се изведуваат градежни работи на туѓо земјиште кое е во процес на денационализација.

Ве молам да го заокружите својот мандат и конечно да одговорите на ова прашање.

Дали има добра волја ова да се заврши до крајот на вашиот мандат.

Тоа е моето прво прашање.

Второто прашање е исто така до Владата.

Пред година ипол, можеби и повеќе, поставив пратеничко прашање за состојбите со хотелот "Магнус" во Охрид.

Начинот на издавање под закуп, цената за која е издаден тој хотел, чудниот договор под кој е издаден под закуп од нелегитимен сопственик за нелегитимна цена од околу 250 евра беше закупнината, без обврска за одржување на тој хотел иако имаше судска пресуда за забрана за стопанисување со овој објект, бидејќи во тек беше судска постапка.

До ден денес нема разрешница, а вие господине премиере одмолчивте буквално да ми дадете одговор дали во писмена или во усна форма на она што го поставив.

Зошто директорот на Агенцијата за млади и спорт под вакви чудни околности го издаде под закуп овој објект, а на терен имаме руиниран објект кој никој не го стопанисува и е ничиј и сечиј.

Зошто го одмолчивте тоа скоро две години. Јас не добив достоинствен било каков одговор позитивен или негативен на ова поставено прашање.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Дали во Програмата за 2006 година е предвидена реконструкција на улицата "Железничка" во Охрид која е дел од патниот правец Охрид - Битола. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија, заштитна зона, тоа го забележав како карактеристичен исказ.

Повелете господине премиере, имате збор.

**Владо Бучковски:** Јас морам да признам дека прв пат го слушам прашањето од оваа позиција во која се наоѓам како прв човек на Владата.

За прецизното прашање ќе одговориме во најкус можен рок, искрено, сега направивме консултација и со министерот за внатрешни работи, Владата нема интерес да го одолговлекува донесувањето на прописот со кој ќе се определи заштитната зона за да ја повлече денационализацијата. Сметам дека е тоа произволно извлечен заклучок.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Чудно е господине премиере како прв пат го слушате ова прашање кое јас по незнам кој пат го поставувам од оваа говорница. Еве, да ве потсетам и да ви освежам,ќе ви прочитам дел од вашиот одговор. Значи, Влада одговорила, јас колку што знам, а добро знам дека вие сте премиер на Владата. Дека во најскус можен рок, Министерството за финансии, а одговара Владата да потсетам, на Република Македонија ќе и предложи на Владата да подготви одлука со која ќе се определи заштитна зона на сите резиденционални објекти во Република Македонија, вклучувајќи го и комплексот Горица и тн, и тн. Значи многу е симптоматично зошто сега велите дека прв пат го слушате. Ве молам, проверете ги сите пратенички прашања кои се упатени до вас како Влада, каде сте ги проследиле и каде тие заглавиле и зошто нема конкретни одговори на овие прашања.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Второто прашање е исто до Владата на Република Македонија за хотелот "Магнус".

Има збор претседателот на Владата.

**Владо Бучковски:** Писмено ќе одговориме.

**Љупчо Јордановски:** Ќе се добие писмен одговор.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Повелете господине Кошутиќ за улица "Железничка" на патен правец Охрид-Битола.

**Дејан Кошутиќ:** Да, улицата "Железничка" во Охрид е предвидена во Програмата за 2006 година, "Службен весник" број 31 од 15 март, ставка три милиони денари.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам на одговорот, потврдивте она што го пишува во "Службениот весник", но не секогаш напишаното кореспондира со оствареното, а се надевам овој пат ќе го одржите ветувањето и до крајот на 2006 година, навистина ќе видам реконструкција на оваа улица. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

За следните три прашања на листата е господинот Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас ќе поставам две прашања иако намерата ми беше да поставам сосема две други, но бидејќи ја тангираат државата и Република Македонија, сметам дека не е моментот да ги поставам како пршања за да не ја доведам државата во неугодна ситуација, да размислуваме државнички, да не паѓаме на она што значи ситно политички интереси.

Ќе се обидам да ги прескокнам овие две прашања кои сметам дека се многу битни, но мислам дека не е време ни место овие прашања денеска да ги поставам од едноставна причина да не и наштетам на Република Македонија. Не заради тоа што се плашам или се срамам да ги поставам, значи, Македонија е ставена на пиедестал и овие прашања ја тангираат Македонија и некои идни односи кои треба да се градат.

Слушајќи го премиерот би сакал да дадам едена краток коментар, ако ми биде дозволено, слушнав и за куните, но не посочи кој е Атила Бич Божји, би требало тоа да го слушнеме, претпоставувам дека постои одредена персона на која мислеше, но таа остана енигма штом не е јасно кажана која е.

Тука ќе завршам и ќе ги поставам следните две прашања кои исто така се битни и сметам дека ќе добијам соодветен одговор.

Господинот Поповски, министерот без ресор, не е тука, но сметам дека е битно да го слушне оти имаме ваква ситуација.

Имаме ваква ситуација, за време на ручекот некој ми се јави на мобилниот телефон кој само ми кажа дека е од Арачиново, ми кажа дека денеска почина 24-тата, ако може така да се каже жртва на постконфликтниот период во Република Македонија, постара жена и за жал немаат каде да ја закопаат. Немаат можност во Арачиново да ја закопаат, како луѓе староседелци кои живееле таму, но денеска се наоѓаат во Домот, или прифатилиштетот "Ранка Милановиќ". Значи, треба да се направи напор тоа прашање да се реши, затоа што според она што го говорев со дотичната персона која не ми се претстави која е , вели,нема теоретски шанси да се вратиме назад заради тоа што постои страв кај нив. А кога ќе слушнам дека македонците нема да се вратат на сопствените родни огништа, ви кажувам искрено, многу тешко ми паѓа, а притоа некој да го узурпира нивниот имот на начин на кој што го узурпира. Значи прашањето е, што мислите да превземете во вакви и слични случаи. Претпоставувам дека ги има, сите сме живи луѓе и никој не знае каде ни е почетокот, каде ни е крајот. Значи, ако не повеќе, да може мирно да се испрати на патот кон Бога, а таквата можност ја нема дотичната особа, не и знам ниту име, ниту презиме, само ми е кажано дека денеска сабајле починала постара жена.

Втора битна работа, слушајки го вчера премиерот по повод 15 години македонски плурализам, на прашањето што со одбележувањето на македонско-косовко метохиската граница. Одговоривте дека тоа прашање треба да се реши пред финалниот статус. Значи, кој ќе биде статусот на Косово веќе однапред се знае, плановите се направени, работата е завршена. За жал, се плашам таква судбина и нас да не не снајде во една одредена територија на Република Македонија. Но, ме загрижува една друга работа, господине претседателе, што нашиот потпретседател господинот Џафери некако млако, или бегло одмавна со рака и не одговори конкретно на прашањето. Сакам да ве прашам, дали во вашата Влада работиве што се однесува до интегритетот на Република Македонија, што се однесува до целовитоста на Република Македонија и на крај  за одбележување на границата со Косово и Метохија, бидејки тоа  е вистинското име, не е само Косово. Јас се служам со термини кои биле во употреба во бивша Југославија, тие такви се какви што се. Кој е ставот на Владата, слушајки ве вас од една страна велите дека таа работа треба да се заврши пред добивањето на статусот на Косово, со што апсолутно се сложувам и тука ќе имате и подршка, затоа што се работи за интерес на Република Македонија. А за интересот на Косово, да ви кажам  вака, уво не ме боли. Загрижен сум за Република Македонија. Но, притоа  се доведувам и самиот себеси во дилема, дали оваа Влада која вие денеска ја предводите, се слушаат разни дисонантни тонови, се слуша како фонија. Значи, слушаме лоши пораки, не од вас кој верувам дека си ја сакате сопствената татковина, но вашиот коалиционен партнер одвреме навреме ни пушта пробни балони. Зошто го прават тоа, мене ми е јасно. Но плечирам и апелирам да бидете максимално цврсти во сопствените ставови, таа работа околу границата да ја завршите пред финалниот статус на Косово, затоа што ќе си отвориме Пандорина кутија, ќе си отвориме рак рана кое е прашање дали воопшто ќе можеме да ја санираме. Значи, што е тоа што се случува во Владата конкретно? Тоа е прашањето. И што да прифатиме ние пратениците, или обичното граѓанство на Република Македонија како валидно, дали вашата изјава, или она бегло одмавнување со рака на господинот Муса Џафери. Тоа ми говори една сосема друга работа, дека она што го говорите некако не го прифаќа како такво, иако сте премиер на оваа Влада, иако сте прв човек на оваа Влада. Сметам дека, ако не повеќе, треба да направите максимални напори да ги дисциплинирате луѓето кои не размислуваат онака како што треба да размислува и Владата на Република Македонија и македонското граѓанство. Тоа е следното. Македонија нема територија за пазарења, Македонија мора да ја одбележи сопствената граница историска која  не е до таму, малку е подлабоко и од левата страна и од десната страна, значи мислам Медвеѓа, Прешево и Бујановац, мислам и на оној другиот дел кој во

1945 година е поклонет. Сметам дека таа работа треба што поитно да ја завршите за да можеме ние како луѓе, како држава помирно да спиеме.

**Љупчо Јордановски:** Првото прашање е до министерот без ресор, господинот Поповски, за раселените лица и случајот со госпоѓава.

**Владо Поповски:** Почитуван господине Флоровски, го слушнав вашето прашање. Нешто што на почетокот сакам да ви кажам дека и овој министер што ви се обраќа и целата Влада имаше и има многу сериозен пристап кон разрешувањето на ова многу важно суптилно и суштинско прашање за Република Македонија. Отаму мислам дека сите ние многу повеќе треба да правиме се за да го разрешиме ова прашање во интерес на Република Македонија. Ние како Влада и како министри кои што сме задолжени за разрешувањето на ова прашање вложуваме максимални напори и мислам дека сме на добар пат ова суптилно прашање да го разрешиме. Само две бројки би сакал да кажам во таа смисла, иако претпоставувам дека ги знаете. Јас многу ретко ги истакнувам тие бројки, се разбира од оправдани причини. На почетокот на кризата некаде септември 2001 година во оваа држава имаше околу 76 илјади раселени лица. Сега ако добро ме држи паметењето, некаде се под 800. Најголемиот број од нив, се разбира тоа е веќе познато се од селата Матејче, Опае и Арачиново. Во таа смисла сакам да ви кажам дека Владата преземаше максимални напори, ќе презема и сега во смисла на реконструкцијата на нивните куќи, во смисла на нивното згрижување, сместување во колективните центри во Република Македонија, во смисла на помошта што во економската ревитализација и подобрување на условите за живот и т.н. во нивните места се преземаа во изминатиот период. Познато ви е за време на кризата во Република Македонија имаше оштетено околу 6 илјади и 700 објекти. Добар дел од нив, околу 1500, 1600 беа со најголеми оштетувања. Во овој момент во Република Македонија има само нешто малку повеќе од 200 објекти и тоа се најголемиот дел од оние кои што заради познати причини не ги потпишаа трипартитните договори, тоа се дел од сопствениците на разрушените објекти во селото Арачиново и во селото Марејче. Тие се одлучија да поднесат тужби до надлежните судови во Република Македонија. Ние и тогаш и сега кажуваме дека Владата на Република Македонија ќе ги почитува судските одлуки независно какви ќе бидат. Во меѓувреме останува отворена понудата, сугестијата да прифатат да бидат реконструирани нивните домови, и ако тоа се случи, се разбира ние ќе бидеме подготвени тоа да го направиме за што се обезбедени и дел на финансиски средства. Во овој момент во Република Македонија се изведуваат неколку такви објекти, во неколку региони се изведуваат тие објекти. Со задоволство можам да кажам дека во Тетовскиот регион веќе е на самиот крај завршницата на реконструкцијата на оштетените објекти, има само уште три објекти. Во Јелошник деновиве завршуваме и со тоа можам слободно да кажам дека во Тетовскиот регион речиси целосно е завршен процесот на враќање на внатрешно раселените лица. Само еден податок, се работи за уште само 11 лица кои што очекуваме дека наскоро и тоа прашање ќе биде разрешено. Значи, ви велам, преземаме се во рамките на можностите. Пледирам до сите, се разбира овој процес да го завршиме на најдобар можен начин. И само на таков начин ќе поентираме сите како Република Македонија. Се разбира, јас во овој одговор не споменав конкретни работи бидејќи од почетокот на минатата година дел од овој процес се води во Министерство за труд и социјална политика, па претпоставувам дека во тој дел министерот ќе даде по дециден одговор за она што се презема во рамките на надминувањето и на ваквиот тип на проблеми.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, знам дека имате право. Само овде е пријавен министерот за труд и социјална политика. И вие имате нешто да додадете?

Да го слушнеме уште и дополнување на вашево прашање. Потоа ќе можете вие интегрално да одговорите.

Има збор Стевчо Јакимовски, минситер за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** За да почитуваниот пратеник има комплетен одговор на анонимниот повик, должен сум да го информирам како минситер за труд и социјална политика дека лицата кои што се згрижени во Ранка Милановиќ нормално дека се под целосна грижа на Министерството за труд и социјална политика. И за починатата госпоѓа да го информирам дека подолго време боледува од карцином. Значи, за истата во последните денови од нејзиниот живот е обезбедено сместување во Сју Рајдер, значи, на интервенција од Министерството за труд и социјална политика и нејзиниот погреб со сите трошоци ги сноси Министерството за труд и социјална политика. А за ваша информација, не само таа, и сите претходно починати лица се погребуваат на гробиштата во Камник. Што значи дека Министерството за труд и социјална политика во рамките на своите можности настојува и во вакви ситуации да ги ублажи последиците колку што е можно повеќе.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски вашите три минути да кажете дали сте задоволен од одговорот, или не, или имате дополнително прашање.

**Александар Флоровски:** Знаете, многу е тешко човек во сопствената држава да се чувствува како апатрид и при крајот на сопствениот живот да нема место да се погреба таму каде што се погребани нејзините предци и по сила на приликите да ги погребувате во Камник. Тоа е една лоша слика и лоша порака до сите нас како македонци од етничка припадност. Инаку, немам сомнеж дека ќе направите се што треба да направите. Но најбитно е да го направите следното До колку имате намера овие луѓе кои се

иселени од Арачиново да ги вратите назад и да им гарантирате целокупна безбедност. Јас ви кажав, не знам кој е тој што ми се јави, не ни прашав, невкусно е во такви моменти да ги прашувате луѓето. Но, ми кажа една работа која е повеќе од факт, дека тие луѓе апсолутно немаат намера да се вратат во Арачиново од едноставна причина, а тоа е причината на безбедносен план. Тоа е страшна работа, макар и се работело за едно, две, или пет лица, бројката воопшто не е важна. Битен е чинот.

А она што господинот Поповски го кажа, кога вели, сите ние треба да направиме нешто. Ајде господине Поповски кажете што можеме ние да ви помогнеме? Вие сте власт, вие сте егзекутива. Еве, јас ќе прифатам се она што е добронамерно од ваша страна, не само јас , верувам дека и целата опозиција ќе се стави во служба да помогнеме. Кажете кој е начинот да ги вратиме тие луѓе назад и која е таа помош која можеме да им ја пружиме? Значи, се ставаме над партиски, не гледајки лични интереси. Но, бидејки говоревте во множина дека сите ние треба да направиме нешто. Еве, јас ќе прифатам и ваша сугестија, што е тоа што сите ние треба да го направиме.

Еве, едноставно, просто, простодушно псотавено македонско прашање. Кажете како ние да ви помогнеме.

Рековте дека има уште 800 лица, таа е бројка која не е за занемарување, тоа се 800 македонски фамилии и не случајно ги спомнав како апатриди, тие не се чувствуваат како свои на своето, се чувствуваат како туѓинци, а каков е третманот кажа господинот Јакимовски, нема причина да не верувам и да проверувам дали е така или не е така, говорам за еден проблем кој постои, кој опстојува и треба да го решите.

Пет години се поминати од еден конфликт т.е. од наметната војна од нашите добри "пријатели од Косово" и мислам дека петгодишниот период беше доволен овие македонски апатриди во сопствената држава да ги вратите на родните огништа.

До колку нема да им гарантирате безбедност, дајте им едно пристојно место за живеење било каде во Скопје, верувам дека кај нив постои и добра волја тоа да го прифатат. Нема теоретски шанси да се вратат назад затоа што се плашат и за себе и за сопствените деца. Тоа е реалноста, тоа се фактите кои држат. Тоа го знаете вие подобро од мене затоа што секојдневно се судирате со овој проблем. Ова беше само еден обичен телефонски повик и замолница да го поставам како прашање. Сметам дека е добро што го поставив како прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија по однос на демаркацијата на границата.

Има збор господинот Владо Бучковски, претседател на Владата на Република Македонија.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам почитуван заменик претседателе.

Почитуван господине Флоровски јас би сакал уште еднаш да го повторам она што пред неколку часа го повтори министерката за надворешни работи дека Република Македонија во сите свои настапи преку репрезентите на надворешната политика, тоа значи преку настапите кои ги има Претседателот на државата, претседателот на Владата, министерот за надворешни работи ќе инсистира она што е запишано во Извештајот на амбасадорот Ајде што претставува основа за разговорите кои се водат во Виена помеѓу косовската и српската делегација со посредство на Меѓународната заедница, Македонија во секој случај пред евентуалниот финален статус на Косово да има чисти сметки околу демаркацијата на граничната линија. Јас не би сакал да шпекулирам со тоа дали некој член на Владата одмавнал, или не одмавнал со рака на новинарско прашање, можам да потврдам дека тоа е став и на Владата, и дека во ниту еден контакт со нашите коалициони партнери од ДУИ немам добиено поинаков впечаток дека било кој од нив сонува за било што друго освен за Европската унија. Мислам дека ако до крај се изведе тезата што некој ја развива дека нешто кажал претседателот на ДУИ, а несакајки од оваа говорница да бидам негов адвокат, јас можам само да повторам она што сум го слушнал со моите уши, а тоа е дека и тој сонува за денот кога целиот регион ќе биде дел од Европската унија кога сите народи од Западниот Балкан ќе живееме во обидинета Европа и во тој момент ќе се срушат границите. Се додека живееме во овие простори границите и демаркацијата на границата, се сложувам со вас, е од витален државен интерес на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Флоровски, повелете, три минути.

**Александар Флоровски:** Господине претседателе, за жал, живееме на Балканот, иако ова е папокот на светот и од тука тргнаа сите можни цивилизации. Тоа е едно мое лично видување и сето она што успеав да го прочитам и да го видам, расадник на разни култури и религии и писменост. Но, имајки во предвид разно разни начртанија, па и начртанието на албанската академија и она што го слушаме од разно разните репрезенти и припадници на албанскиот народ и во државата и надвор од државата, вклучително од Косово, го немам впечатокот што го имате вие. Можеби вие сте оптимист по убедување, јас не сум песимист, јас сум реалист, така што работите ги гледам во очи. Затоа и ви кажав дека не смеете да дозволите разно разни изненадувања. Оваа работа околу границата се матка веќе долго време, еднаш ја направивме, па не се призна, па разно разни европски емисари кои доаѓаа и не убедуваа. Сега повторно треба да правиме разграничување. Се надевам дека тоа нема да

биде на наша штета, дали тоа ќе биде од оваа Влада, или некоја идна, не е битно, секоја мора да води сметка за интегритетот на Република Македонија. Но, она што вчера успеав да го видам, не сум убеден дека господинот дотичен кој ви е потпретседател, ако е во ред дека сите репрезенти на надворешната политика се залагаат да се одбележи таа граница, тоа е во ред, го прифаќам како такво.

Но, сепак, господинот Муса Џафери е потпретседател ваш и на вашата Влада и неговиот збор исто така има тежина. Ако не меѓу вас, меѓу обичното граѓанство, меѓу обичните луѓе и меѓу обичниот македонски народ. Значи, при едно вакво круцијално прашање, каде што треба да ја одбележиме нашата територија, која е исконски наша и според топонимите и според се, се плашам утре да не ни се случи она што ќе значи најмрачно сценарио, иако тие сценарија постојат, верувам дека ќе најдете сили како сегашна Влада и некоја идна Влада, тоа да не го дозволи. Затоа, реков дека немојте да дозволите премногу голем комодитет ако сте премиер на оваа Влада, сите се тие под вас подредени и вашиот јасен и дециден збор треба да биде сигнал за сите оние, говорам за интересот на Република Македонија, ова не е партиски маркетинг, вашиот јавно кажан збор треба да биде и став на Владата. Таков впечаток од господинот Џафери не добив. Мислите дека сите сонуваат за Европа. Но, господине Бучковски некои сонуваат, за жал, за големи држави на овие територии. Тоа праксата го покажа наназад низ овие 15 години. Фактите говорат, за жал, во мој прилог. Но, дај Боже да биде онака како што вие мислите и како што сите сакаме да биде.

**Слободан Најдовски:** Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Господине Флоровски, јас ве уверувам дека во овој дел можете да бидете спокоен. Ниту еден член на Владата не работи на било какви други алтернативни сценарија, освен на сценариото на европска Македонија. Така што, ја разбирам вашата загриженост и знам дека сеуште во регионот постојат луѓе кои сонуваат за големи држави. Но, за наша среќа, на моја, на ваша и на сите нас, тие се многу, многу минорна група на луѓе кои залутале во просторот и во времето.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Хисни Шаќири.

Повелете господине Шаќири.

**Хисни Шаќири:** Ви благодарам господине потпретседател.

Почитувани пратеници, почитувани министри.

Ќе поставам три прашања.

Првото прашање е до премиерот, иако тој излезе, сигурно тука е потпретседателот на Владата госпоѓица Радмила Шеќеринска и секако таа ќе може да ми одговори.

Првото прашање е во однос на проектот кој што е во однос на патниот правец Куманово-Гилане. Тоа е проект за кој што се говорело многу порано и пред четири години на овој проект покажаа интерес и меѓународниот фактор, патен правец кој што ќе овозможи една многу добра поврзаност на Македонија и Косово. Во оваа насока, колку што мене ми е познато, нешто се работело, меѓутоа немам конкретни знаења за тоа. Значи, оваа Влада дали има направено приближување кон напред за ова прашање, затоа што од друга страна, од страна на Косово имам податоци дека тие работеле во таа насока, имајќи предвид еден факт дека интересот е обостран. Неколку месеци порано патот кој што ја поврзува Македонија со Косово беше затворен поради тешките услови кои се случија поради лизгањето на земјиштето, додека за економијата на Македонија тоа беше голема штета во оваа насока. Меѓутоа, за жал, Владата во оваа насока многу малку беше ангажирана и не покажа доволен интерес и оваа тема ја нема третирано како сериозна. Тоа значи тема која што ја оштети економијата на Македонија, затоа што ги имам предвид економските односи со Косово, бидејќи тие се исклучително добри, имајќи го предвид високиот суфицит кој што го има Владата на Македонија. Според некои податоци над 182 милиони евра до сега не до крај на 2005 година има остварено корист. Затоа, барам одговор за тоа до каде е постигнато со отворање на граничниот премин. Се разбира дека тој граничен премин не може да се отвори без да се изгради патот. Сигурно премиерот знае нешто, можебе заменик премиерот, госпоѓица Радмила Шеќеринска која би можела да ми одговори. Доколку не може усно да ми одговори, тогаш ќе може и писмен одговор.

Второто прашање е до министерот без ресор. Бидејќи тој е ангажиран за оштетувањата на куќите, на домовите кои што беа опфатени во кризата, значи куќите од кризниот регион и вие сите знаете, а повеќе знаат и пратениците кои што доаѓаат од таа зона, па и јас лично знам дека голем дел од куќите останале непоправени. Бидејќи ДУИ учествува во власта, но раководството на ДУИ се луѓе кои не доаѓаат од средините кои што се оштетени од војната, врвот на ДУИ доаѓа од делови кои што за среќа се делови кои што припаѓаат на Македонија и се населени со наши луѓе, па добро е што тоа не се случи таму кај нив. Меѓутоа, оваа структура на ДУИ, значи партискиот врв доаѓа, ова ќе го нагласам, од средини кои што не биле засегнати од војната и досега не покажале никаков интерес ДУИ како партија на власт со своите министри, не покажала интерес за да преземе конкретна акција или нешто конкретно околу санирањето на штетите од војната, кои штети се сеуште присутни во селата на Карадак, во дел од Шар. Во оваа насока воопшто не се работело, не покажале интерес структурите на ДУИ. Ова треба да се знае

и сакам да видам, да дознам дали Владата има конкретна програма за ова прашање.

Третото прашање, кое што е исто така во однос на еден проблем кој што можеби е проблем кој што се надоврзува со едно семејство, меѓутоа и тоа семејство е сепак дел на ова општество, значи семејството на Љатиф Асановски кое живее во Прилеп улица Пиринска број 57. Тоа е семејство кое контактирало со мене преку телефон. Значи, луѓето не ги знам и тоа претставува еден сериозен проблем, бидејќи живее во Прилеп, сега не би сакал лошо да ме разберете, сигурно има информации МВР и доколку има би било добро заради вистината да го каже тоа што го знае во однос на ова семејство. До колку не стигне министерот за внатрешни работи да даде информации кои би биле прецизни, добро би било тоа да го направи написмено. Само е добро да се знае проблемот каков е. Ова семејство во 2002 година осми месец нивната куќа е ограбена и тоа е прашање кое што е познато на МВР и малку подоцна на 28.09.2005 година му се случува и палење на куќата. Значи, куќата му е изгорена. Ваков одговор даде МВР, подрачната единица на Прилеп дека дошло до тоа поради старата електрична инсталација и семејството не го прифаќало одговорот. А, другото прашање, значи кражбата исто така имало истражувања околу ова прашање од страна на МВР, меѓутоа, нема сеуште одговор за тоа кој е виновен.

На крај, семејството овде претставува дека има проблем и одвреме навреме има и закани. Ова е во спротивност со законот, меѓутоа и во спротивност со многу други прашања кои што се надоврзуваат на општиот интерес на Македонија како мултиетничка држава, како мултиконфесионална држава, како мултикултурна држава. Колку ова држи, не знам, но добро би било министерот за внатрешни работи, доколку во моментов нема можност да даде усен прецизен одговор, би било добро тоа да го даде написмено, за да се запознаеме со проблемот, затоа што проблемот доколку се знае како детален прецизен проблем, тоа е во интерес на сите нас и во интерес на јавноста во Македонија.Ова се моите три прашања, а верувам дека таму каде што има можност ќе добијам усен одговор. Доколку нема можност, тогаш написмено. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шаќири.

Првото прашање е упатено до Владата.

На првото прашање ќе добиете од Владата писмен одговор.

Второто прашање е до министерот без ресор, господинот Владо Поповски.

Повелете Владо Поповски, министер без ресор.

**Владо Поповски:** Во одговор на прашањето на почитуваниот пратеник, како што истакна бил одговор на едно од претходните прашања, во Република Македонија за време на конфликтот, еве сега ќе го употребам оној термин за кој што рековме дека нема да го употребуваме, во поранешните кризни региони беа оштетени околу 6700 објекти од сите категории. Најголем дел од нив беа со помали оштетувања и тие се поправени во текот на првата фаза за која што раководеше високиот комесаријат за бегалци. Со втората фаза координатор беше Европската комисија, преку интернационалната менаџмент група. Во овој дел како што истакнав и во одговорот на претходното прашање, реконструкцијата на објектите во Република Македонија се одвиваше во две фази кои истите беа поделени во четири категории според степенот на оштетеност и со соодветна програма за реконструкција. Кажав дека во овој момент има некаде околу 300 објекти кои што чекаат реконструкција, меѓутоа во нив се содржани ефектите 119 со селото Матејче и со сопственици, а не ги потпишаа од познати причини трипартитните договори и околу 80 до 85 од селото Арачиново, кои се исто така сопственици не ги потпишаа трипартитните договори. Во моментов се изведува реконструкцијата на оштетените објекти во селото Јелошник, претстои во селото Опаје, во селото Танушевци и во селото Вишница. Сакам да кажам дека сите оние објекти кои што се содржани во Програмата за реконструкција, ќе бидат реконструирани, кои што се категоризирани ќе бидат реконструирани. Јас не знам од каде на пратеникот овие бројки, овие сознанија дека има голем број на нереконструирани објекти. Јас можам да го уверам дека, освен овие бројки што јас сега ги спомнувам, други бројки нема категоризирано и не се содржани во Програмата за реконструкција. Доколку тој има одредени сознанија, еве јас стојам на располагање, веднаш да упатиме стручни луѓе од министерствата, за да видиме каде е тоа случај. Сето тоа, со тоа дополнување дека меѓувреме веднаш штом била извршена првата проценка ние констатиравме дека селото Танушевци има уште девет објекти кои што не биле земени во Програмата за реконструкција и ние ќе бидеме подготвени да извршиме реконструкција и на тие објекти. Реков дека во тетовскиот регион речиси е завршена целата реконструкција, а останува уште само една куќа во селото Јелошник и таму ќе ја завршиме целата реконструкција. Но, велам, доколку пратеникот има сознание за некои други објекти, еве подготвен сум да ги посетиме и да вдиме кои се тие објекти, меѓутоа убеден сум дека ако постојат такви тие од најразлични причини не би можеле да бидат земени во Програмата за реконструкција. Сепак, велам, та ќе го провериме и доколку пратеникот има точно локација да каже каде се наоѓаат тие објекти. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Господине Шаќири дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Имате три минути.

**Хисни Шаќири:** Ви благодарам.

Јас колку што гледам министерот беше конкретен за некои прашања, за некои информации кои што тој ги поседува и можам да кажам дека има еден преглед до некаде, кој што е приближен со тоа што е реалноста, меѓутоа не и целосен преглед што се однесува на проблемите. Бидејќи, министерот бара конкретни информации, јас сега ќе му дадам на знаење дека вистина е таа фаза е помината има доста време, меутоа ќе ви кажам во некои села, еве во Слупчане сеуште има куќи кои што не се довршени и не се однесуваат на реконструкцијата. Во Отља исто така има неколку куќи за кои што воопшто немало ниту надзор од страна на компетентните органи за да се констатира на која категорија и припаѓаат. Во Матејче состојбата е таква каква што е, пролемот е евидентиран и евидентен, меѓутоа не само со семејствата кои што не го потпишале тој трипартитен договор, но и кај албански семејства кои што немале пречки во тој однос, потоа во Виштица, во Никуштак, во Арачинво и во продолжение, да не ги спомнувам сега сите села, од Танушевци, од Брест, Малина и други. Сакам да кажам би било добро во рамките на Владата да се формира комисија, зошто да не бидат претеници во таа комисија, кои би ја надзирале оваа состојба за која што говорам и да имаме една информација или еден извештај од страна на Министерството кое што вие го раководите. Бидејќи, сте ангажирани за ова прашање и верувам дека ќе бидеме многу блиску до реалноста и информациите кои што ние треба да ги имаме како орган и Владата, меѓутоа и ние како пратеници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шаќири.

Има збор министерот без ресор во Владата на Република Македонија, господинто Владо Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Владо Поповски:** Почитуван пратенику Шаќири, сакам да ве уверам дека овие бројки што ги спомнувам се тие вистинските бројки. Лично мислам дека нема потреба од формирање на некоја посебна комисија. Ние треба да го завршуваме овој процес, а не да го отвораме, се разбира со должната почит дека ако некаде навистина е заборавено нешто, да се навратиме на него, да го видиме уште еднаш и каде што условите го дозволуваат тоа, јас и во моето излагање кажав дека ќе го направиме тоа. Еве, ви реков, ја нудам можноста таму каде што вие ќе побарате да испратиме луѓе кои што ќе го утврдат тоа и ќе ви ги дадат вам и на луѓето кои се заинтересирани за овој процес зошто некој објект може или мора да биде сврстен во овие во кои што треба да бидат изгрдувани, а зошто некои и по кои критериуми не биле во Програмата за реконструкција. Од овие некои места што вие ги наброивте, најголем дел се содржани во Програмата, некои се завршени, некои следува да бидат завршени, но велам еве ја нудам таа можност, доколку вие сметате дека има места каде што тоа не е направено, мислам дека нема потреба да формираме посебни комисии, туку едноставно заедно со луѓето кои што и до сега беа во тој процес, соодветните надлежни минситерства ќе ги упатиме на теренот. Доколку вие сакате да учествувате во тој процес, нема никаква пречка да ги видиме уште еднаш тие објекти за кои што вие велите дека евентуално ми можеле односно не биле досега утврдени во некаква програма за реконструкција во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам,

Третото прашање е упатено до Министерството за внатрешни работи.

Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајлвоски.

Повелете господине Михајловски.

**Љубомир Михајловски-Џанго:** Прашањето на почитуваниот пратеник е за поединечни случаи. Јас се извинувам во моментов што не ги знам поединостите во врска со ова прашање и затоа ќе го замолам пратеникот да се стрпи, ќе одговориме брзо и писмено.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Значи, на третото прашање ќе добиете писмен одговор господине Шаќири.

Продолжуваме понатаму.

Следен за поставување прашања е пратеникот Иљаз Халими.

Повелете.

**Иљаз Халими:** Благодарам господине потпретседател.

Јас ќе бидам краток. Имам три прашања од кои првото е до Министерството за правда и до Владата, второто до Владата или поконкретно Агенцијата за државни службеници и третото прашање до Министерството за образование и наука. Ќе одам по ред.

Основниот суд Скопје I во Скопје со судска одлука од 12 март 2003 година го обвини Ибраим Сулејмани од Тетово за две кривични дела - воени злосторства против цивилни жители и казна за пред подготовка, за што се каз нува со 15 години укинување слобода. Истата одлука ја утврдува и Апелациониот суд на 23.06.2003 година.

Иако јавниот обвинител поднесува барања заедно со адвокатот на обвинетиот до Врховниот суд за заштита на законот, бидејќи како основниот суд, така и Апелациониот суд со нивните одлуки против обвинетиот Ибраим Сулејмани има направено нарушување на законот бидејќи не му овозможиле да се штити и преку сведоци.

За несреќа и по оваа интервенција на Јавниот обвинител, Врховниот суд постапи како двете пониски судски истанци, што значи дека барањето на обвинителот се отфрла.

За информација, господинот Сулејмани во текот на конфликтот во 2001 година беше вклучен во ОНА и постапуваше како секој друг припадник на оваа организација. Имајќи во предвид дека припадниците на бившата ОНА со Законот за

амнестија се амнестирани, ова требаше да важи и за господинот Сулејмани. Доколку, хипотетички велам би направил воени злосторства тие би требало да бидат предмет за Хашкиот трибуналшкиот трибунал, а не за судството на Република Македонија.

Со самиот факт дека за него никакво досие за воени злосторства немало со кои требаше да се занимава Хаг укажува дека тој е целосно амнестиран. Ова е првиот случај кој се казни од судството на Република Македонија како еден припадник на ОНА со 15 години затвор за воени злосторства, за кое има дилеми.

Овој акт е без презедан и од една друга причина, а тоа е дека лицето е болно и продолжува и понатаму да ја издржува казната затвор. Ова го утврдува и инвалидската комисија на Република Македонија во упатството дадено на 22.04.2002 година Скопје.

Имајќи го во предвид ова што го кажав го прашувам министерот за правда со какво право се казнува господинот Сулејмани кој и понатаму е во затвор за дела за кои се товари обвинетиот пристрасно. Значи, барам овој случај да се преиспита и што побрзо господинот Сулејмани да се ослободи од издржувањето на казната затвор.

Барам писмен одговор.

Второто прашање е до Владата, а во врска со Агенцијата за државни службеници.

Во Извештајот за работа за 2005 година на Агенцијата за државни службеници меѓу другото се вели дека по барање на 26 државни органи Агенцијата соопшти 115 јавни огласи за 745 нови вработувања на државни службеници, од кои во целост заврши постапката за 714 нови вработувања на државни службеници. Прашувам колку од овие 714 нови вработувања на државни службеници се албанци.

Третото прашање е до Министерството за образование и наука. Иако министерот за образование и наука, Азис Положани постојано вели дека Министерството за образовани и наука и секторите со другите институции на образованието покрај на македонски и на албански јазик ќе општи, ова ветување иако има уставна основа не се спроведува. Сведоштва за ова се и решенијата кои во последно време Бирото за образование, потпишани од директорот Ќамил Џеладини им се распределени, доделени на неколку лица кои се именувани како училишни тестатори за пилот државна матура. Овие решенија се напишани исклучиво на македонски јазик. Значи, се говори за лица од албанска припадност.

Го поставувам прашањето до кога Министерството за образование и наука со кое раководи господинот Положани и понатаму ќе комуницира со албанските директори било од средните или од основните училишта само на македонски јазик. Еве овде имам една копија од тоа решение, од една страна му е испратено на едно лице кое е утврдено како училишен тестатор за пилот државна матура и само на македонски јазик. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Халими.

Првото прашање е упатено до Министерството за правда.

Ќе одговори заменикот министер за правда Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Вие знаете дека судовите се независни и мислам дека се работи за судски процес кој го спомна пратеникот и истиот одговорот го бара писмено. Ние ќе се обидеме да доставиме писмен одговор на Собранието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Значи ќе добиете писмен одговор на првото прашање.

Второто прашање е упатено до Владата.

Уште на почетокот господинот Халими прашањето го постави до Владата, а сепак тоа се однесува до Агенцијата за државни службеници. Иако директорот е именуван од Собранието и согласно Деловникот треба да се обрати преку службите на Собранието до директорот на Агенцијата за да го повикаме на оваа седница. Но таков допис немаше, а со оглед на тоа што го адресира до Владата ќе се обидеме за ова прашање на една од наредните седници да се одговори.

Третото прашање е упатено до Министерството за образование и наука.

Ќе одговори господинот Азис Положани, министер за образование и наука.

**Азис Положани:** Благодарам.

Прашањето е поврзано со решенијата кои еден државен орган, а во овој контекст Бирото за развој на образованието ги издава како такви во однос на нејзините ингеренции и во контекст на употребата на јазиците би рекол дека многу е лесно тоа да се разбере. Ние стоиме и кажуваме дека Бирото за образование и Министерството за образование и наука комуницираат и на други јазици, значи и на албански јазик со тие кои што ја бараат таа комуникација. Се обраќаат како што е предвидено и со Законот на јазик на кој што им е упатено писмото, покрај на македонски, за што и во Законот пишува, а прашањето на решение не е прашање на комуникација, туку е прашање на извршување на ингеренции на државен орган кој што подлегнува на Законот за државни органи и органот на Владата кој што ги применува законските решенија кои се во сила, за кои што во минатиот мандат гласав и јас како пратеник и господинот Халими.

Кога би се нашло друго решение и во овој контекст да се употреби албанскиот јазик сигурно Министерството за образование и наука, а и другите органи во државата ќе одговараат согласно на тие законски решенија, за кои што мислам дека и на господинот Халими му е јасно, а во однос на комуникацијата ние стоиме на

располагање и овозможуваме комуникација особено во рамките на образовната дејност во однос на педагошката евиденција која се води само на јазикот на кој што се води наставата или се реализира наставата. Во однос на педагошката документација на двата јазика и во однос на обуката, каде што обуката се води и сме спремни да ја водиме на кој што исто така се изведува наставата без разлика на кој јазик, тоа не се поврзува со јазикот што го употребуваат државните органи, затоа што произлегува од педагошката норма, а не од Законот кој што го уредува однесувањето на државните органи, во кој што спаѓаат и решенијата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Халими, повелете три минути да се изјасните дали сте задоволни од одговорот, или сакате да поставите дополнително прашање. Повелете.

**Илјаз Халими:** Природно дека не сум задоволен со одговорот.

И господинот Положани и јас гласавме за уставните измени каде со Устав членот 5 став 2, покрај македонскиот јазик во Република Македонија е и албанскиот јазик. Ова многу добро го знае господинот Положани и во состојба кога нема закон за да се уреди едно конкретно прашање природно дека треба да се повикуваме на највисокиот правен акт, а тоа е Уставот.

Затоа господанот Положани треба да го спроведува Уставот и директорите на секторите кои постапуваат во рамките на Министерството за образование ова треба да го почитуваат.

Во овој случај решенијата кои им се издаваат на именуваните албанци треба да се издаваат и на албански јазик, без оглед дали имаме закон за употреба на јазиците, или немаме закон за употреба на јазиците.

Во иднина не треба и понатаму да манипулира господинот Положани со граѓаните дека ова Министерство комуницира на албански јазик со директорите на средните и основните училишта, но и со други институции со кои раководат албанци. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Халими.

Има збор министерот за образование, господинот Азис Положани.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Како што реков, комуникацијата се реализира врз база на потребите кои се искажуваат од страна на барателот на одредена потреба за комуникација или услуга. Тоа е така и мислам дека ниту имаме намера, ниту потреба за манипулација, затоа што работите се јасни.

Во однос на решенијата нешто ќе кажам.

И ингеренциите кои произлегуваат од страна на државните органи точно е тоа дека во амандманот 7 точка 5 се кажува дека за државните органи се уредува на начин кој што со закон се определува и во недостаток на тој закон исто така може да се повикува на Устав, но на крајот на Охридскиот договор исто така има една одредба каде што пишува "Деловникот на Собранието, работа на Владата и употреба на јазикот на органите на Владата", каде што се вели во Владата решенијата се такви какви што се и од таа страна, од таа гледна точка нема празнина, нема ниту манипулација, ниту несакање, туку се работи за почитување на тоа што е законски одредено. Така да, остануваме отворени и комуницираме, бидејќи педагошката норма ја побарува таа работа што училиштата, наставниците и учениците при обука и за други работи на јазикот на кој што се изведува наставата, а тоа што подлегнува на тоа што значи решенија од државен орган сигурно дека врз база на тоа што е со закон, а и со Охридскиот договор предвидено засега решенијата се такви како што ги изнесов пред малку.

Се надевам дека и господинот Халими не го чувствува тоа ниту како манипулација, ниту како нешто што е неосновано, туку како еден факт со кој што веќе едно подолго време оваа Влада се занимава и работи на подобрување на состојбите, но секогаш преку институционално подобрува со норми и со закони кои сите ние тука заедно ги донесуваме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Благодарам господине Најдовски.

Изгледа немам избор, прашањето мора да биде упатено до Владата генерално, а се однесува на следното.

Под кои услови и врз основа на каква законска регулатива господинот Свето Јаневски и неговите деловни партнери и компанијата "Фершпед" ги експлоатираат неколку стотини хектари сопственост на поранешен велешки "Лозар". Значи, ги користат посадените овоштарници, лозјата, механизацијата и во наврати користеа дел веќе сега безработниците, а порано беа вработени во "Лозар".

Дадени им се од Владата, претпоставувам Министерството за финансии има некаква контрола, бидејќи наплаќа некакви даноци од тоа, дадени им се на користење и одржување. Значи, која е таа законска регулатива која им овозможува на господинот Јаневски и неговите деловни соработници и на компанијата "Фершпед", под какви услови Владата им ги дала на користење дел од имотот на поранешен "Лозар" во смисла на експлоатација на лозјата, овоштарниците и механизацијата.

Второто прашање се однесува до Министерството за одбрана.

Имено, Министерството за одбрана во текот на 2004 година има потпишано договор со приватна компанија, а договорот, барем она што јас го имам видено се состои од неколку реченици. Јас

нема да го објавам сега договорот, затоа што има три копии и договорот е назначен како строго доверливо, потпишан е од Началникот на Генералштабот на Армијата, а се однесува на следното.

Имено, Армијата на Република Македонија потпишала договор со приватна компанија, а во договорот стои дека на таа приватна компанија и се решава следниот предмет.

Таа може и ги мониторира комуникациските средства на Армијата на Република Македонија.

Значи сега можеби јас не сум најпрецизен што значи мониторира и би сакал да знам доколку не е тоа толку строго доверливо. Да бидам запознаен не само јас како пратеник, туку и членовите на Комисијата за одбрана и особено членовите на Комисијата за контрола на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање. Со еден збор, Собранието секако би требало да знае кои се критериумите токму таа компанија да добие таков договор со Министерството за одбрана и што точно значи "мониторирање на комуникациските системи на Армијата на Република Македонија и на Министерството за одбрана".

И да бидам малку саркастичен, Владата ќе биде ли љубезна да ми одговори која е седма по рејтинг опозициона партија, бидејќи сеуште сум под впечатоци од вчерашната расправа.

**Слободан Најдовски:** Тоа ви е трето прашање?

(Да)

Формулирајте го третото прашање господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Можеби ќе биде љубезна вицепремиерката. Претпоставувам дека тие имаат разработен систем и би сакал да знам која е седма по рејтинг опозициона партија во Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Која е седма партија опозициона?

Најверојатно Владата не води такви анкети.

Првото прашање е упатено до Владата, а се однесува за "Лозар" Велес.

На ова прашање ќе одговори заменикот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Комбинатот "Лозар" од Велес веќе неколку години е под стечај. Лозовите и овошните насади се основно средства на самиот комбинат, кој е под стечај и спред нашите сознанија стечајниот управник ги дава под закуп на одредени фирми. Претпоставувам дека е тоа со Свето и со "Фершпед", како што праша и самиот пратеник. Значи, под закуп ги дава стечајниот управник, бидејќи тоа се основни средства на "Лозар" Велес. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Трендафилов дали сте задоволни од одговорот, или сакате дополнително да поставите прашање.

Повелете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Колку симпатично заменик министерот каже Свето, јас кажав господинот Свето Јаневски и неговите деловни партнери.

Мене ме интересира, затоа што верувам дека десет пати подобро знаете од мене, земјиштето и името на поранешниот "Лозар" се протега во радиус 100 км од Велес јужно и северно. За ова вие како што велите "претпоставувате" дека стечајниот управник на Свето и на "Фершпед" им го дал, некој се грижи ли за тие неколку илјадници хектари како се прави, каде е механизацијата, каде одат парите од закупот. Управата за јавни приходи наплаќа ли даноци, не ли наплаќа даноци, затоа што вработените кои работат таму, а како што велат оние што не работат, работат во овој момент само политички подобните, па дури и оние политички подобни наместо да бидат платени 12 пати во годината земаат плата највеќе 6 пати во годината. Води ли некој евиденција што се случува со тоа земјиште, или со тој имот, или е оставено така како што велите вие на вашиот Свето и на стечајниот управник и на "Фершпед". Јас имам писмена информација, но не би сакал да настапувам со неа, сакам да ги компарираме информацијата со сознанијата кои ги има и Управата за јавни приходи и почитуваниот заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Најверојатно,или пратеникот на го постави добро прашањето или јас не го разбрав добро.

Јас барем разбрав, ајде да сватам дека јас не сум разбрал добро, јас разбрав за лозовитеи овошните насади. Не раабрав дека прашањето го поставуваат за целокупното државно земјиште кое што порано го обработуваше "Лозар" Велес.

Значи јас тоа што го кажав дека стечајниот управник го дава под закуп на заинтересирани компании под одредени услови, значи зборував исклучиво за лозовите и овошните насади. Додека земјоделското земјиште кое е државно и е распишан тендер е дадено на фирми кои што конкурираа по тендерот и е поделено поголем дел од земјиштето. Ако сака да знае точно колку хектари, тоа можам да го кажам писмено. Значи тендерот е завршен , државното земјиште е поделено на заинтересирани физички или правни лица, на кои, на памет не знам да ги кажам, така да, исклучиво зборувам за лозовите и овошните насади кое земјиште е поделено на фирми, онака како што по е законот за земјоделско земјиште. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

За второто прашање ќе добиете писмен одговор, а и самите рековте господине Трендафилов дека материјалот е строго доверлив и треба да одлучиме на седница како да расправаме. Можете по однос на првото прашање да се заблагодарите. По однос на второто прашање ќе добиете писмен одговор.

За третото прашање има збор госпоѓица Радмила Шеќеринска, заменик претседател во Владата на Република Македонија. Повелете госпоѓице Шеќе ринска.

**Радмила Шеќеринска:** Пратеникот призна дека ќе биде малку циничен и ќе ја праша Владата која е, ако не се лажам, седма по ред опозициона партија. Јас ќе го прифатам тој стил и ќе кажам дека на Владдата и е тешко да даде конкретен и прецизен одговор, ама сигурно е некоја ВМРО, произлезена партија која што помеѓу 1998 и 2002 година беше во големо пријателство со сите погоре пласирани ВМРО, без разлика дали се Народна или ДПМНЕ или некои други. Меѓутоа, по 2002 година откри дека има непомирливи разлики и овие денови фрлаат дрво и камења по своите претходни пријатели и колеги. За жал, покрај тоа што денеска можеби сме цинични, Владата не ужива во улогата која еден дел од опозиционите партии се обидува да ја наметне, а тоа е наместо да зборуваме за малку подобра соработка помеѓу власта и опозицијата за прашања за кои мора да имаме соработка, ние всушност, трошиме многу време за да успее опозицијата меѓу себе да најде елементарен договор за многу државни и многу важни работи. Не верувам дека граѓаните ќе ни простат да бидеме цинични кон ова прашање, ниту пак да се шегуваме за нешто што не само што му штети на угледот и штети на ефикасноста на квалитетот на демократскиот процес во Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Трендафилов имате три минути да одговорите на госпоѓица Шеќеринска.

**Ѓорги Трендафилов:** Во одговорот потпретседателке вие имате исклучително важна улога, бидејќи го осветлувате нашиот пат кон Европската прекрасна иднина и јас не би сакал да ви одземам време, вие и вашиот сектор да правите некакви анализи, но би ве замолил љубезно бидејќи определивте кој е прв, а кој е втор, да не губите многу време би ви бил благодарен доколку ми испратите мене како обичен пратеник во Македонскиот законодавен дом цела рејтинг листа на опозиционите партии, така да ќе не симнете од дневен ред и ќе продолжите со вашата прекрасна работа, со тоа што ќе ги симнете визите до крајот на оваа година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

Има збор заменик претседателот на Владата на Република Македонија, госпоѓица Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Се се менува, само цинизмот и прелесното сфаќање на некои работи останува. Некои работи можеме да ги промениме, на некои работи не можеме да влијаеме. Навистина, се воодушевувам колку луѓето кои што се повикуваат, кои што беа споманти претходно од страна на некои пратнеици, за европски стандарди , сега веќе се зборува повторно цинично за некоја европска иднина, која, само за потсетување ја бараат 98% од граѓаните и ако пратениците избрани овде од страна на граѓаните не се свесни дека тоа им е задача, како што е на Владата, тоа и на пратнеиците, тогаш граѓаните убедена сум дека тоа ќе знаат да оценат на следните избори. Меѓутоа, сите овие најави, сите овие барања за европски стандарди, никако да ги примениме на сопствениот пример. Меѓу другот, за да се либерализира визниот режим и Македонија да влезе во следната фаза, а тоа е фазата на преговори со Европската Унија, ни стојат на дневен ред обврски кои ова Собрание мора да ги одработи. И за жал, заради партиски суети тие постојано се одложуваат. Претходно беше спомнат Законот за следење на комуникациите, еден од клучните приоритети, ова Собрание, односно опозицијата одлучува да не го поддржи и на тој начин да не прави малку понеуспешни и неефикасни во овие стратешки цели. Да не зборувам за законите кои што ни стојат на врвот на листата, а тоа се законите за судството за кои што сега добиваме најави дека можеби нема да се гласа, заради тоа што некој од партиите не се задоволни со решенијата во изборниот закон.

Јас се надевам дека тие информации не се точни. И се надевам дека партиите кои водат битка кој е прв кој е втор во опозиција, дека ќе се обидат да бидат први или втори во вршењето на работа, па дека барем една од овие партии ќе се одлучи да се надмине себе си и сепак, тогаш кога ќе бидат донесени и испратени до Македонското Собрание дека ќе се гласа за нешто што е за сите неспорно дека мора да биде завршено и дека од тоа зависи следната македонска фаза во делот на нашето членување во Европската Унија.

**Слободан Најдовски:** Господине Михајловски повлете вашите три прашања.

**Јордан Михајловски:** Благодарам потпретседателе, имам само две прашања.

Првото прашање се однесува до Министерството за животна средина и просторно планирање. Повторно ја прашувам Владата на Република Македонија кој е надлежен за конечното решавање на свлечиштето, или пополурално лизгалиштето "Рамина" во Велес, централната или локалната власт и дали постои план за решавање на централниот проблем со луѓето, со објектите и колку финансиски средства треба. Инсистирам на овој одговор, бидејќи градоначалникот на Велес спроведува погрешен принцип на праведност, задоволувајќи го мнозинството на граѓаните со фасади, тротоари, споменици на културата, културни случувања . Се стекнува впечаток дека тоа е на грбот на

малцинството со проблемот "Рамина". Дали е приоритетна борбата за гласачи, или решавањето на вистинските проблеми. Така го доведуваме до онаа изјава на Марија Антоанета, ако немаат леб, дајте им колачи. Значи тој постигна сиромаштијата на мнозинството да се шета по убавите тротоари, за да заборави на празникот стомак и да стекне гласачи.

**Слободан Најдовски:** Господине Михајловски, овде можете да поставите прашање на министрите. Оставете ги градоначалниците, бидејќи по Деловник не можете за нив овде да зборувате.

**Јордан Михајловски:** Поставувајќи го ова прашање , сакам да ја наметнам дилемата дека тој е принуден така да се однесува. Не се сомневам во неговите капацитети.

**Слободан Најдовски:** Ќе ве молам, оставете го тоа како се однесува градоначалникот. Тоа кажувајте го на ПЕРС конференција.

**Јордан Михајловски:** Прашањето беше тоа. Почнав со прашањето.

Второто прашање, исто така се однесува до Министерството за животна средина и просторно планирање, но и до министерот за економија.

Со оглед на фактот што сум избран од граѓаните на Велес и останатите од третата изборна единица ,се чувствувам должен да ги коментирам продажбата на стопанските субјекти кои претставуваат столб на истата, но и на Република Македонија. Овој коментар, констатации и прашања се наменети на власта и на граѓаните кои веројатно, веќе добија надеж со продажбата на рударко-метарулшкиот комплекс, кој меѓу другото директно може да влијае на гласачките определби и бројот на гласови на следните парламентарни избори. Ве потсетувам дека 30 години Велес живееше во агонија. А за проблемите на рударството и влијанитето на загадувањето од рудниците Злетово-Саса и Тораница, скоро и да не се знаеше, доколку не се случеше 2004 година еколошката хаварија во Македонска Каменица. Зарем странците беа еколошки и здравствено неедуцирани, кога под итно ги иселуваа нивните случајно налетени во тој град граѓани. Но, тоа се минати состојби, за коои за жал, сеуште долго ќе чувствуваме последици.

Новите газди кои и да се и од каде и да се се секако, добродојдени, бидејќи со еколошко-економските инвестиции во рударско металуршкиот сектор, можат во голема мерка и директно и индиректно да ја подобрат екномската клима во целиот регион на источна Македонија, а со тоа и полесно економски да ја поврзат Македонија со нашиот источен сосед, кој наскоро ќе стане дел од Европската Унија. Но, преку примерот Ресорсис холдинг новиот сопственик на МХК од Велес, треба да сес гледа и на останатите сопственици на рудниците.

Според нашите информации, Ресурсис холдинг е решен да вложи уште околу 20 милиони долари, но само како инвестиции во технолошките процеси. Тоа се подготвени да го направат за околу 8 месеци, што реално се темели на анализи кои ги потврдуваат и сознанијата кои ги имаат и нашите служби и експерти. Но, ако во функција на мамење на гласачите, а тоа се главните рудари, металурзите, нивните семејства и останатите, се продаде уште една невистина дека таквата инвестиција ќе вклучи и еколошки инвестиции, велам дека е неможно. Само за еколошките инвестции МХК комплекс тополница за олово и цинк и комплекс за производство на вештачко ѓубриво, ним им е потребно 20 милиони долари.

Доколку стручните служби од Министерството за животна средина и просторно планирање можат да ме демантираат мене и оние кои поседуваат такви анализи, јас би им бил благодарен. МХК е платен за околу 7 милиони, а само технолошкиот и еколошкиот рестарт ќе го чинат Ресурсис холдинг околу 45 милиони . Да информирам дека новите сопственици не ја превзедоа обврската за санација на направените штети досега врз здравјето на луѓето и природата.

Значи, прашањето гласи: Колкав дел од предвидените 20 милиони долари инвестиции е определен за заштита на животната средина, но и за репарација на досегашните повреди на агрокомплексот, водотеците и човечкото здравје. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Благодарам господине потпретседателе, на првото прашање на минатата седница одговорив на прашање на група пратеници за активностите на Владата и другите активности во врска со лизгалиштето Рамнина, но исто така и пратеникот достави до Министерството за транспорт и врски прашање во писмена форма, кое што исто така е во соработка со нашето Министерство доставено до Владата и е доставено до пратеникот, но повторно ќе резимирам.

Обврската генерално е на локалната власт, но Владата во 2003 година превзема една активност која што ја спроведуваше, односно санацијата во прва фаза ја спроведуваше преку Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски и инвестирани се околу еден милион евра.

Потоа, направен е проект за реализација на втора фаза што исто така е финансирано од Владата и дојдено е до фаза на експропприација, која што би чинела некаде според проценките направени заедно со локалната власт со овие две министерства, околу 10.000.000 денари. За целосна санација на втората фаза е потребно милион и триста илјади евра. Доколку бидат обезбедени и доколку постои финансиска можност, Владата ќе може да го санира и тогаш ќе определи кое министерство ќе биде надлежно, дали Министерството за транспорт и врски, или Министерството за животна средина и просторно планирање за санација на втората фаза на

Рамина. Ние имавме разговори заедно со заменикот министер за транспорт и врски, како што знаете пред 10-тина дена, така што се вршеше преоценка на овој елаборат за експропријација и каде што повторно е дојдено до истото сознание. Пред тоа, исто така, до локалните власти во Велес поставивме прашање дали тие ќе можат да партиципираат финансиски во овој проект. Тие ни одговорија дека не можат со никаква финансиска партиципација, туку бараат прогласување на елементарна непогода, што според законот не може да го направи Владата, мора овој Парламент. Но во секој случај доколку бидат обезбедени средства во ребалансот на Буџетот, она министерство кое ќе биде задолжено од Владата ќе може да ги превземе тие активности. И покрај тоа, како што кажав е надлежност на локалната власт. Тоа е за првото прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Михајловски дали сте задоволен од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање.

**Јордан Михајловски:** Почитуван министре.

Велите дека не можело да се прогласи како елементарна непогода. Но според Законот за заштита и спасување во "Службен весник на Република Македонија" број 36/2004 година, лизгањето на земјиштето во поимникот напред, не се сеќавам кој член, се дефинира како природна непогода. Значи, според тој закон е веќе дефинирано како природна непогода . Во тој Закон пишува дека треба да се донесе национална стратегија за заштита и спасување за временски период од 5 години, а исто така, Собранието одлучува и за висината на средствата за потребите за заштита и спасување. Тоа е едно.

Второ, рековте доколку се обезбедат тие средства, а доколку не се обезбедат, што тогаш?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** И вие сами кажавте дека конечната одлука за тоа ја донесува Парламентот, односно Собранието за прогласување на елементарна непогода. Јас исто така кажав, доколку бидат обезбедени средства и доколку има можности во ребалансот на Буџетот, Владата ќе ги обезбеди тие средства. Доколку не, сигурно ќе треба да се бараат и други решенија, веројатно и партиципација на локалната самоуправа. Во Буџетот за оваа година, значи за 2006, вам ви е исто така е одговарано не само од ова Министерство, туку и од другите министерства и на самата седница кога се поставуваа пратенички прашања. И во писмена форма дека Владата ќе настојува во ребаланс на Буџетот да ги обезбеди овие средства.

Меѓутоа, има и друга работа, најпрво треба да се спроведе експропријацијата и според мислењето на Министерството за локална самоуправа, тие сметаат дека самата експропријација треба да ја спроведе самата локална самоуправа. Станува збор за милион и триста илјади евра, минимум кои се потребни за оној проект што е подготвен за реализација на втората фаза. Меѓутоа, и да се предвидат сега овие средства, додека не се заврши експропријацијата не е можно да се извршат работите, затоа што хипотетички може и да бидат алоцирани средства, а без експропријација не може да се потрошат тие средства, бидејќи пред експропријација не можат да се изведуваат работите.

Ставот на Министерството за локална самоуправа беше кажан дека локалната самоуправа треба да ја спроведе оваа експропријација. Меѓутоа, деновиве за тоа зборуваше и министерот Владо Поповски дека има повеќе активни свлечилишта , така да Министерството за транспорт и врски е задолжено да изготви за сите овие свечилишта една информација која што ќе укаже на тоа дали можеби е потребно целосна студија, бидејќи проблемот станува алармантен на повеќе подрачја, како последица на раздвижување на земјиште.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Второто прашање е до Министерството за животна средина и просторно планирање или до Министерството за економија. Кој ќе одговори?

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање господинот Шапуриќ.

Повелете ако располагате со податоци колкав дел од 20 милиони долари ќе се одделат за заштита на човековата околина.

**Зоран Шапуриќ:** Прашањето се однесува во врска со продажбата на Рударско-технолошко хемискиот комбинат во Велес. Самата продажба ја реализирал Одборот на доверители. Сите информации ги побаравме преку Министерството за економија.

Денес нашите претставници имаа состанок со претставниците од Министерството за економија при што е договорено да се направи средба со новите сопственици и да се преиспита целосниот елаборат. Постои елаборат, тоа е точно. Точните суми се сепак дискутабилни бидејќи е предвидена санација, односно почитување на овој еколошки елаборат кој се однесува на повеќе сегменти, ремедиација на контаминираното земјиште, потоа, решавање на проблемот со одредени полутанти како што е сулфур и издувните гасови. Но, во секој случај, според овие елаборати кои беа изготвени, условите кои се предвидени во нив ќе мора да се почитуваат, бидејќи постојат и законски и подзаконски акти, без оглед на овој елаборат и Службата за животна средина која сега со новиот Закон треба да се трансформира во Управа за животна средина која меѓу другите издава одредени согласности за работа, строго ќе

внимава на исполнување на овие еколошки стандарди кои се пропишани во овие елаборати.

Во оваа фаза,бидејќи како што реков самата продажба и условите ги вршеше Одборот на доверители, ние тесно ќе соработува со Министерството за економија. Денес имавме прва средба, бидејќи тоа е надлежно за економскиот дел и по барање на одредени невладини организации, како што е "Вила Зора", ние ќе организираме, односно Упаравата која е во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање ќе организира една стручна расправа каде ќе бидат поканети и претставниците на другите засегнати министерства, локалните власти, невладините организации и се разбира, новите сопственици. Ние имаме цел да се испочитуваат сите еколошки стандарди, не да создаваме паника. Кога ќе се издаваат сите тие документи ќе мора да се почитуваат еколошките стандарди и јавноста ќе биде благовремено известена за сите овие активности, бидејќи и договорот е да се врши соработка со сите тие невладини организации од општина Велес кои досега покажале интерес за тоа. Притоа, покрај оние експерти што ќе бидат ангажирани од страна на новите сопственици од Министерството за економија, или пак од Министерството за животна средина и просторно планирање и локалните власти, како и невладиниот сектор, ќе можат да ангажираат одредени експерти. Се разбира доколку и вие како пратеник имате интерес и вие ќе бидете поканети.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Пејоски, повелете, имате 3 минути.

**Ристо Пејоски:** Претпоставувам господине министре дека вие сте врвеле по горниот пат накај Велес и некаде на север од Топилница гледате еден огромен црн рид кој го менува релјефот во околината на Топилница. Тоа е таканаречената жгура која не е само интертен фрлен материјал, туку и агресивен, прво со својата тежина и второ со своите состојки ги загадува подземните водотеци. Слична депонија има и фабриката за ѓубриво. Исто така и тоа се огромни површини, кои не можат туку така да се остават на атмосферските влијанија, туку и тие треба да се заштитат. Би ве молел да инсистирате во тие преговори и досегашните штети на агрокомплексот, на водотеците, решавањето на депониите, да го вклучите и да инсистирате, да проектирате и таков вид на финансиски средства.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Пејоски.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Таков вид на финансии ние можеме да ги бараме само од новите сопственици. Значи тоа ни е обврска. Меѓутоа, морам да кажам дека во 2003 година е извршена одредена санација, одредени активности конечно се финиширани во 2004 година каде е извршена санација на јеловиштето. Потоа, исто така беше постигнат договор, Одборот на доверители преку одредени органи кои беа да управуваат со тоа, заедно со локалната власт, бидејќи ова јеловиште требаше да биде оградено затоа што одредени луѓе собираа отпад таму и со тоа придонесуваа и за понатамошно евентуално контаминирање на околното земјиште. Таа санација е извршена. Останува да се предвиди како строга обврска на новиот сопственик, да ја огради и да продолжи со другите активности. Јас сум бил таму и знам и за двата локалитети односно и за двата комбинати дека ќе биде побарана санација, односно соодветно третирање на отпадот, а се разбира, еве вие исто така ќе можете да присуствувате на сите овие активности, бидејќи ние намераваме, заедно со Министерството за економија и евентуално другите министерства, да го водиме овој процес транспарентно.

**Слободан Најдовски:** Благодарам министре.

Со оглед на тоа што ја исцрпивме листата од оние кои беа пријавени за поставување на пратенички прашања, овде ја заклучувам 130-та седница на Собранието на Република Македонија.

Истовремено, ќе ве потсетам дека утре продолжуваме со 128 седница, во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,12 часот)